# محرمات استهان بها كثير من الناس

# Занемарени верски забрани

# Занемарени верски забрани

Мухамед Салих Ел Мунеџид

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот

## Вовед

Благодарноста Му припаѓа на Аллах, Него го славиме и од Него помош и прошка бараме. Бараме заштита кај Аллах да нè сочува од злото на нашите души и од грдоста на нашите дела. Кого Аллах ќе го упати тој нема да заталка, а кого во заблуда ќе го остави тој патот нема да го најде. Сведочам дека Аллах е единиот вистински Бог кому никој не му е рамен и дека Мухамед е Негов роб и пратеник

Во продолжение велам,

Аллах не обврзал со задолжителни дела (фарзови) чиешто запоставување не е дозволено,

поставил граници кои не смеат да се погазат,

забранил работи кои не смееме да ги работиме. Божјиот пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, рекол:

ما أحلَّ الله في كتابه فهو حلال، وما حرَّم فهو حرام، وما سكت عنه فهو عافية فاقبلوا من الله العافية، فإن الله لم يكن نسيًّا

Она што Аллах го дозволил во Неговата Книга ви е дозволено (халал), она што го забранил е забрането (харам), а она што го премолчил ви е простено, па примете го од Аллах она што ви е

простено. Навистина, Аллах никогаш не заборава.

Потоа го прочитал овој ајет:

وما كان ربك نسيا

А Господарот твој не заборава. Хаким 2/375, Албани го оценува како хасен во Гајетул Мерам, стр. 14. Верските забрани се граници поставени од Возвишениот Аллах:

وَمَن يَتَعَدَّ حُدُودَ اللَّهِ فَقَدْ ظَلَمَ نَفْسَهُ

Тој што ги преминува Аллаховите граници, самиот себеси неправда си чини.

Ет Талак, 1. Аллах му се заканува на тој што ги крши Неговите прописи и ги гази Неговите светости. Возвишениот вели:

(وَمَن يَعْصِ اللَّهَ وَرَسُولَهُ وَيَتَعَدَّ حُدُودَهُ يُدْخِلْهُ نَارًا خَالِدًا فِيهَا وَلَهُ عَذَابٌ مُّهِينٌ

А тој што ќе му биде непокорен на Аллах и на Неговиот Пратеник, и што преку границите Негови ќе преминува, Тој ќе го фрли во Огнот во кој вечно ќе остане. Нему му припаѓа срамна казна! Ен Ниса, 14. Избегнување на верските забрани е строга обврска потврдена со зборовите на Божјиот Пратеник: Она што ви го забранив – избегнувајте го, а она што ви го наредив – извршувајте го колку што можете. Хадисот го пренесува Муслим, Китабул Фадаил, бр. 130, издание Абдул Баки. Очигледна е појавата кај некои следбеници на страста, слабодушни и со минорно знаење, кои кога ќе

слушнат за верските забрани веднаш изразуваат незадоволство и, офкајќи, велат: Сè е забрането, не оставивте ништо а да не кажавте дека е харам, ни го загорчивте животот, го направивте неподнослив, ни ги стиснавте градите, кај вас сè е забрането и недозволено. Верата е лесна, има простор, Аллах простува и Сомилосен е. Ова е одговорот за ваквите: Навистина Аллах пресудува како што сака, Неговата пресуда никој не може да ја поништи, Тој е Мудриот и Сезнајниот.

فهو يُحِلُّ ما يشاء ويُحرِّم ما يشاء سبحانه،

Тој, Возвишениот, дозволува што сака и забранува што сака. Правило на нашата покорност кон Аллах е: да бидеме задоволни со Неговата одредба и потполно да се предадеме. Неговите прописи извираат од Неговото знаење, мудрост и праведност и не се залудност и поигрување. Како што е спомнато во ајетот:

(وَتَمَّتْ كَلِمَتُ رَبِّكَ صِدْقًا وَعَدْلاً لاَّ مُبَدِّلِ لِكَلِمَاتِهِ وَهُوَ السَّمِيعُ الْعَلِيمُ)

Зборовите на Господарот твој се врв на вистината и правдата;

Неговите зборови никој не може да ги измени и Тој сè слуша и сè знае. Ел Енам, 115. Тој јасно го објаснил критериумот според кој нешто е дозволено (халал) а нешто забрането (харам), велејќи:

(وَيُحِلُّ لَهُمُ الطَّيِّبَاتِ وَيُحَرِّمُ عَلَيْهِمُ الْخَبَآئِثَ)

...кој убавата храна им ја дозволува, а лошата им ја забранува... Ел Араф, 157. Па, убавото е дозволено а лошото е забрането. Единствено Аллах има право да одреди што е дозволено а што забрането; Секој што ова право си го припишува себеси или му го потврдува на некој друг е неверник и отпадник од верата.

(أَمْ لَهُمْ شُرَكَاء شَرَعُوا لَهُم مِّنَ الدِّينِ مَا لَمْ يَأْذَن بِهِ اللَّهُ)

Зарем тие имаат божества кои им пропишуваат да веруваат тоа што Аллах не им го дозволил? Еш Шура, 21. Воедно не е дозволено и некој да зборува за дозволеното и забранетото (халалот и харамот), освен учените, кои добро го познаваат Куранот и Сунетот. Во Куранот строго се опоменува тој што ќе дозволи или ќе забрани нешто, без неопходното знаење, Возвишениот вели:

(وَلاَ تَقُولُواْ لِمَا تَصِفُ أَلْسِنَتُكُمُ الْكَذِبَ هَذَا حَلاَلٌ وَهَذَا حَرَامٌ لِّتَفْتَرُواْ عَلَى اللّهِ الْكَذِبَ

И не зборувајте лаги со јазиците свои: „Ова е дозволено, а ова

забрането“, за така да изнесувате лаги за Аллах... Ен Нахл, 116. Недвосмислените забрани се спомнати во Куранот и во Сунетот. Пример е ајетот:

قُلْ تَعَالَوْاْ أَتْلُ مَا حَرَّمَ رَبُّكُمْ عَلَيْكُمْ أَلاَّ تُشْرِكُواْ بِهِ شَيْئًا وَبِالْوَالِدَيْنِ إِحْسَانًا وَلاَ تَقْتُلُواْ أَوْلاَدَكُم مِّنْ إمْلاَقٍ .. الآية

Кажи: „Дојдете да ви кажам што ви пропишува Господарот ваш: ништо да не Му здружувате, на родителите добрина да им правите, а децата свои, поради сиромаштија, да не ги убивате... Ел Енам, 151. И во Сунетот (традицијата на Божјиот Пратеник) се спомнати многу забрани. Пример е хадисот на Божјиот пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем:

إن الله حرَّم بيع الخمر، والميتة، والخنزير، والأصنام

Аллах го забранил продавањето на вино (алкохол), на мрши, на свињи и на идоли. Ебу Давуд бр. 3486 (Сахих Ебу Давуд, бр. 977) Пример е и хадисот:

إن الله إذا حرَّم شيئًا حرَّم ثمنه

Кога Аллах ќе забрани нешто ја забранил и заработката од него. Дарекутни, 3/7. Хадисот е сахих. Во одредени текстови на Објавата се спомнати одредени категории на забранети работи, како што Аллах ги спомнува забранетите работи од категоријата на храната:

حُرِّمَتْ عَلَيْكُمُ الْمَيْتَةُ وَالْدَّمُ وَلَحْمُ الْخِنْزِيرِ وَمَا أُهِلَّ لِغَيْرِ اللهِ بِهِ وَالْمُنْخَنِقَةُ
وَالْمَوْقُوذَةُ وَالْمُتَرَدِّيَةُ وَالنَّطِيحَةُ .. الآية

Ви се забранува мрша, крв, свинско месо и тоа што е заклано во нечие друго име, а не во Аллаховото, и тоа што е задавено, убиено со удар, и што е при пад загинато, и со рог прободено, или убиено од ѕвер... Ел Маида, 3.

Како забрани поврзани со бракот Аллах ги спомнува:

حُرِّمَتْ عَلَيْكُمْ أُمَّهَاتُكُمْ وَبَنَاتُكُمْ وَأَخَوَاتُكُمْ وَعَمَّاتُكُمْ وَخَالاَتُكُمْ وَبَنَاتُ الأَخِ وَبَنَاتُ الأُخْتِ وَأُمَّهَاتُكُمُ اللاَّتِي أَرْضَعْنَكُمْ وَأَخَوَاتُكُم مِّنَ الرَّضَاعَةِ .. الآيَة

Ви се забрануваат: мајките ваши, и ќерките ваши, и сестрите ваши, и сестрите на татковците ваши, и сестрите на мајките ваши, и ќерките од браќата ваши и од сестрите ваши, и помајките ваши што ве доеле, и сестрите ваши по млеко... Ен Ниса, 23. Пример на забрани поврзани со заработката се спомнуваат во ајетот:

وأحل الله البيع وحرم الربا .. الآية

А Аллах ја дозволил трговијата, а ја забранил каматата. Ел Бекаре, 275. Аллах, кој е Милостив кон неговите робови, ни дозволил многубројна, разновидна, вкусна и корисна храна. Од оваа причина не ги спомнал во детали дозволените работи кои се бројни и не можат да се опфатат. Забраните, кои се малубројни, се детално спомнати за да ги знаеме и за да се оддалечиме од нив, како што стои во ајетот:

وَقَدْ فَصَّلَ لَكُم مَّا حَرَّمَ عَلَيْكُمْ إِلاَّ مَا اضْطُرِرْتُمْ إِلَيْهِ

Тој ви го објасни (во детали) тоа што ви го забрани - освен кога сте присилени... Ел Енам, 119. Од друга страна, пак, халалот е дозволен со воопштена форма дефиниран со критериумот убаво (добро, корисно): О, луѓе, јадете од тоа

што е на Земјата, што е дозволено и убаво. И не следете ги шејтановите стапки бидејќи тој ви е очигледен непријател! Ел Бекаре, 168. Така, со Аллахова сомилост сите работи во основа се дозволени сè додека со доказ од објавата не се потврди дека нешто е забрането (харам). Ова е знак на дарежливоста на Аллах и доказ за неговото олеснување на луѓето, па затоа наша обврска е покорноста, благодарноста и славењето на Бога. Некои луѓе, кога ќе видат дека забраните се детално набројани, се чувствуваат нелагодно поради овие верски прописи. Ова е резултат на нивниот слаб иман и недоволното разбирање на шеријатот.

Можеби истите сакаат да им се набројат категориите на дозволеното, за да се убедат дека верата е олеснување?

Дали сакаат да им се набројат сите видови на добро и убаво за да се смират и да разберат дека шеријатот не сака да им ја наруши убавината на живеењето?

Или бараат да им се каже дека месото од прописно закланите камили, говеда, овци, зајаци, газели и живината им се дозволени, и дека се дозволени мршите на скакулците и рибите?

Зеленчукот, зрнестите култури, овошјата и сите житарици и плодови се корисни и халал:

Дозволени се и водата, млекото, медот, зејтинот и оцетот.

Тука спаѓаат и солта, сосовите и зачините, и тие се халал.

Користењето на дрво, железо, песок, камења, пластика, стакло и гума е исто така дозволено.

Дозволено е и користењето на животните, автомобилите, возовите и авионите за транспорт.

Дозволени се климите, фрижидерите, машините за перење и сушење алишта, мелниците, блендерите, мешалките за тесто и соковниците. Инструментите на медицината и инжинерството, информатиката, за следење на вселената, за црпење на водата и нафтата и за ископување на металите, технологијата за десалинизација, печатниците и компјутерите, сите се дозволени.

Дозволена е и облеката изработена од памук, лен, волна, крзно, влакна, дозволена кожа, синтетика и полиестер.

Дозволени се бракот, купопродажбата, изнајмувањето, трансферот, гаранцијата како и различните професии – ковач, столар, механичар или чобан.

Што мислите вие, до каде ќе стигнеме доколку продолжиме да ги набројуваме дозволените нешта?

Па што им е на овие луѓе?! Како да не разбираат што им се зборува!

Нивната аргументација дека верата е лесна е вистинско тврдење кое се користи за нешто што не е вистина.

Концептот на лесно во оваа религија нема врска со страстите на луѓето и со нивните размислувања. Тој е одреден со текстовите на шеријатот.

Да се направи нешто што е недозволено (харам) па несоодветно да се аргументира со тврдењето дека верата е олеснување, во кое нема сомнеж, се разликува многу од верски аргументираните олеснувања. Верски аргументирани олеснувања се спојувањето и кратењето на намазите при патување, непостењето за време на патување, месхот преку местви и чорапи во период од едно деноноќие за тој што е дома и три деноноќија за патникот. Дозволено е и симболичното чистење (теjемум) кога има ризик од користење на водата за абдест и гусул, споено клањање на два намаза (пладне со икиндија или акшам со јацијa) за болниот, при ситуација на страв, при патување и кога врне. Во таа категорија спаѓа и гледањето на жената, која му е туѓа, при искажана намера за веридба, избирањето на една од опциите при искупување за заклетва која не е исполнета, конзумирање на месо од

мрша во исклучителни ситуации, како и други дозволи и верски олеснувања. Како појаснување на погоре спомнатото ќе додадеме дека муслиманот треба да знае дека во верските забрани има мудрости меѓу кои се следниве: Аллах ги става на искушенија своите робови со овие забрани за да ги искуша како ќе се однесуваат. Тоа се критериуми на одвојување на жителите на рајот од жителите на пеколот: во пеколот ќе бидат тие што потполно се нурнале во страстите со кои е опкружен пеколот, додека во рајот ќе влезат тие што биле трпеливи при тешкотиите со кои е опкружен рајот.

Да не беа овие искушенија немаше да се знае кој е грешник а кој е покорен.

Верниците тежината на обврските ја гледаат преку исчекувањето на наградата, со извршување на наредбите целат кон Аллаховото задоволство и со тоа потешкотиите им стануваат полесни.

Лицемерите кон тешкотиите на обврските гледаат со око на болка, мака и лишеност, па затоа истите ги сметаат за бреме и тежина.

Убавината на нешто што ќе го оставиме заради Аллах, за коешто Бог ќе ни надомести, како и сласта на иманот во срцето ќе ја почуствува тој што покорно ќе се оддалечи од верските забрани.

Во оваа книга на почитуваниот читател ќе му презентираме некои верски забрани кои се потврдени во исламскиот верозакон, како и верските докази од Куранот и Сунетот за таквото тврдење. Исламските зналци напишале книги за верските забрани, како и за некои категории како што се големите гревови, а една таква корисна книга е делото „Тенбихул гафилин ан амалил џахилин“ на авторот Ибн Нухас Ед Димешки, рахимехул-лах.

Овие верски забрани се распространети и можат да се забележат честопати и кај многу муслимани, па затоа сакав да ги посоветувам и да им објаснам.

Го молам Аллах да нè упати и да ни даде успех, да ни овозможи да ги почитуваме Аллаховите ограничувања, да нè оддалечи од забраните и лошите дела, Тој е најдобар заштитник и Најмилостивиот од милостивите.

Ширкот (да изедначиш некого/нешто со Аллах) е апсолутно најголемата верска забрана Во хадисот што го пренесува Ебу Бекрете, радијал-лаху анху, е кажано: Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, рекол:

ألا أنبئكم بأكبر الكبائر (ثلاثًا) قالوا: قلنا: بلى يا رسول الله، قال: الإشراك بالله

„Зарем не сакате да ве информирам за најголемиот од големите гревови (три пати)?“ Одговорија: „Секако Божји Пратенику.“ Рече:

„Да сметаш дека некој му е рамен на Аллах (Ширк).“. Мут-тефекун алејхи, Ел Бухари бр. 2511, издание со рецензија на Ел Буга.

Можно е Аллах да прости секој грев, освен ширкот, за кој е неопходно посебно покајание.

Аллах, субханеху ве теала, вели:

إن الله لا يغفر أن يشرك به ويغفر ما دون ذلك لمن يشاء

Аллах нема да прости ако нешто Му се здружува, а ќе прости сѐ освен тоа, кому Тој сака! Ен Ниса, 48.

Во категориите на ширк спаѓа и тој со кој се излегува од исламот, а вршителот на истиот ќе биде вечно во пеколот доколку умре во таа состојба.

Манифестациите на ширкот во оваа форма се присутни во многу муслимански земји:

Обожувањето на гробови, верувањето дека евлиите, кои се веќе мртви, ги исполнуваат желбите и ги отстрануваат потешкотиите, барањето на помош од нив, особено во тешки ситуации.

Аллах, субханеху ве теала, вели:

وقضى ربك ألا تعبدوا إلا إياه

Господарот твој заповеда само Него да Го обожувате... Ел Исра, 23. Во оваа категорија спаѓа и молитвата упатена кон Божјите пратеници и добрите луѓе (кои се веќе на оној свет) барајќи нивно заземање (шефаат) и

помош при тешки ситуации. Аллах, субханеху ве теала, вели:

أمن يجيب المضطر إذا دعاه ويكشف السوء .. أإله مع الله

Тој Кој на човекот кој е во неволја, кога ќе Му се обрати, му се одѕива, и Кој злото го отстранува... Зарем покрај Аллах постои друг бог?! Ен Немл, 62. Некои од нив името на шејхот или тој што го сметаат за светец го спомнуваат во секоја состојба, при стоење, седење, дури и при сопнување, кога се во неволја, искушение или грижа, едниот вели: О Мухамед, другиот: О Али, третиот го повикува Хусеин, четвртиот Ел Бедеви, петтиот му се обраќа на Ел Џилани, шестиот на Шазили, седмиот на Рифаи, Ел Идрус, Зејнеб, некој му се моли на Ибн Улван, а нашиот Господар вели:

إِنَّ الَّذِينَ تَدْعُونَ مِن دُونِ اللهِ عِبَادٌ أَمْثَالُكُمْ فَادْعُوهُمْ فَلْيَسْتَجِيبُواْ لَكُمْ إِن كُنتُمْ صَادِقِينَ

Тие на кои, покрај Аллах, им се молите, навистина се робови како и вие. Па молете ги и нека ви се одѕвијат ако ја зборувате вистина! Ел Араф, 194. Некои обожувачи на гробовите прават таваф околу истите, ги допираат нивните агли, потоа, ги допираат со своите тела, ги бакнуваат нивните прагови, нурнуваат во нивната земја со своите лица, им чинат сеџда на истите и пред нив скрушено, понизно и потчинето стојат, барајќи лек, пород и

олеснување на работите, умрениот го повикуваат со зборовите: Господине! Од далеку дојдов – не изневерувај ме, Аллах, субханеху ве теала, вели:

وَمَنْ أَضَلُّ مِمَّن يَدْعُو مِن دُونِ اللَّهِ مَن لَّا يَسْتَجِيبُ لَهُ إِلَى يَومِ الْقِيَامَةِ وَهُمْ عَن دُعَائِهِمْ غَافِلُونَ

Кој е во поголема заблуда од тие што, наместо на Аллах, им се молат на оние кои до Судниот ден нема да им се одѕвијат и кои се рамнодушни кон нивните молби. Ел Ахкаф, 5. Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, вели:

من مات وهو يدعو من دون الله ندا دخل النار

Тој што ќе умре молејќи друг освен Аллах ќе влезе во џехенем.

Ел Бухари, Ел Фетх, 8/176. Има и такви кои ги бричат своите глави при посета на гробовите, па и такви кои имаат книги со наслов: Прописи за аџилак на светите места, за какви ги сметаат гробовите и турбињата на светците (евлиите). Некои веруваат дека нивните евлии имаат контрола врз вселената, можат да нанесат штета и да заштитат од зло. Аллах, субханеху ве теала, вели:

وَإِن يَمْسَسْكَ اللهُ بِضُرٍّ فَلاَ كَاشِفَ لَهُ إِلاَّ هُوَ وَإِن يُرِدْكَ بِخَيْرٍ فَلاَ رَآدَّ لِفَضْلِهِ

Ако Аллах ти даде некаква неволја, никој освен Него не може да ти ја отстрани, а ако ти

посака добро, па никој не може да ја спречи Неговата благодат... Јунус, 107.

Во категоријата на здружување (ширк), спаѓа и заветот во име на некој друг а не во името на Аллах. Такви завети се на пример дека ќе запалам свеќа или ќе осветлам гроб на некој „светец“.

Во голем ширк спаѓа и колењето курбан посветен на некој друг освен Аллах, Аллах, субханеху ве теала, вели:

فصلِّ لربك وانحر

па затоа моли Му се на Господарот свој и курбан коли, Ел Кевсер, 2. Што значи „курбан коли само во име на Аллах“? Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, вели:

لعن الله من ذبح لغير الله

Аллах го проколнал тој што ќе заколе курбан за некој друг освен за Аллах. Муслим, бр. 1978 издание Абдул Баки. При колење можат на едно место да се најдат две забрани, курбан посветен на некој друг освен Аллах и неспомнувањето на Аллаховото име. И двете работи го забрануваат јадењето на месото од тоа животно. Такви курбани од времето на незнаењето (џахилијетот), кои се среќаваат во ова време, се курбаните посветени на џините. На пример, некој ќе купи или ќе изгради куќа, ќе ископа бунар и ќе заколе курбан врз темелите или над

градбата, како заштита и поради страв од злото кое можат да им го нанесат џините. Види: Тејсиру Азизи Хамид, стр. 158. Издание Ел Ифта. Примери за голем ширк кои се распространети денес се и: дозволувањето на она што Аллах го забранил, или забрана на она што Аллах го дозволил, верувањето дека некој друг освен Аллах го има тоа право, парничењето пред судови и овосветски закони, доброволно, без потреба или примораност, и со убеденост дека тоа е безусловно дозволено. Оваа форма на големо неверство ја спомнува Аллах, аз-зе ве џел-ле, во ајетот:

اتَّخَذُواْ أَحْبَارَهُمْ وَرُهْبَانَهُمْ أَرْبَابًا مِّن دُونِ اللَّهِ

Тие, покрај Аллах, за божества ги сметаат свештениците свои, и монасите свои. Ет Тевбе, 31. Кога Адиј го слушна Божјиот Пратеник како го чита овој ајет рече: Тие не ги обожуваат, на што Божјиот Пратеник рече: Така е, но дали им го дозволувале тоа што Аллах им го забранува, па тие го сметале за дозволено, или им го забранувале дозволеното, па тие го сметале за забрането, на тој начин тие ги обожуваат. Ел Бејхеки, Ес Сунен Ел Кубра, 10/116, Ет Тирмизи бр. 3095. Албани го оценува како хасен во делото Гајетул Мерам, стр. 19. Во описот на политеистите Аллах вели: ...не го сметаат за забрането тоа што Аллах и Неговиот Пратеник

го забранувaат и не ја исповедаат вистинската вера... Ет Тевбе, 29. Аллах, субханеху ве теала, вели:

قُلْ أَرَأَيْتُم مَّا أَنزَلَ اللهُ لَكُم مِّن رِّزْقٍ فَجَعَلْتُم مِّنْهُ حَرَامًا وَحَلاَلاً قُلْ آللهُ أَذِنَ لَكُمْ أَمْ عَلَى اللهِ تَفْتَرُونَ

Кажи: „Кажете ми зошто некоја храна која Аллах ја дава, ја сметате за забранета, а друга за дозволена?“ Кажи: „Дали тоа Аллах ви го дозволил или изнесувате лаги за Аллах?“ Јунус, 59.

Во распостранетите форми на голем ширк спаѓаат: магијата, гатањето и прорекување на иднината.

Магијата е неверство (куфр), еден од седумте големи гревови. Таа е штетна и од неа нема никаква корист. За учењето на магијата Возвишениот вели:

فيتعلمون ما يضرهم ولا ينفعهم

„Го учеа тоа што ќе им наштети и од што нема да имаат корист...“ Ел Бекара, 102. Аллах, субханеху ве теала, вели:

ولا يفلح الساحر حيث أتى

„А маѓепсникот нема да успее каде и да оди.“ Та Ха, 69. Тој што се занимава со магија е неверник, Аллах, субханеху ве теала, вели:

وما كفر سليمان ولكن الشياطين كفروا يعلمون الناس السحر وما أنزل على الملكين ببابل هاروت وماروت وما يعلمان من أحد حتى يقولا إنما نحن فتنة فلا تكفر

А Сулејман не беше неверник, туку неверници се шејтаните кои ги подучуваат луѓето за магиите, и на тоа што им беше објавено на двата мелека во Вавилон, на Харут и Марут. Тие двајца никого не поучуваа сè додека не му кажеа: „Ние само искушуваме, а ти немој да бидеш неверник!“ Ел Бекара, 102. Верската казна за маѓепсникот е смрт, а неговата заработка е нечиста и харам. Незнајците, неправедниците и тие со слаб иман бараат помош од маѓепсниците и преку магија се обидуваат да им наштетат на други луѓе или да им се одмаздат. Други, пак, прават грев барајќи од маѓепсникот да им помогне во отстранување на магијата. Должност на верникот е да му се обрати на Аллах и да бара лек во Неговите зборови и од Него објавени молитви и сл. Гатачот и тој што вели дека ја знае иднината, се исто така неверници, затоа што тврдат дека го знаат невидливото (гајбот). А гајбот го знае само Аллах.

Многумина ја искористуваат лекоумноста за да дојдат до профит, користејќи различни методи: цртањето линии во песок, школките, читањето на дланка, гледањето во филџан, кристална топка, огледало и сл.

Доколку еднаш ќе погодат, деведесет и девет пати ќе излажат. Сепак, лесноумните се потпираат на тоа што еднаш погодиле и им

веруваат на овие лажговци. Ги посетуваат за да слушнат за иднината, за среќата и успешноста во бракот или трговијата, да пронајдат нешто што го загубиле и сл. Верскиот пропис за тие што ги посетуваат и им веруваат е дека таквите се неверници и отпадници од верата. Доказ се зборовите на Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем:

من أتى كاهنا أو عرافا فصدقه بما يقول فقد كفر بما أُنزل على محمد

Тој што ќе посети гатач и ќе му поверува во тоа што го вели, го негирал она што му е објавено на Мухамед. Ахмед, 2/429, Сахихул Џами', бр.5939. Тој што ќе ги посети, но нема да им поверува, (сакајќи да ги тестира и сл.) не станува неверник, но неговиот намаз нема да се прими четириесет дена. Доказ се зборовите на Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем:

من أتى عرافا فسأله عن شئ لم تقبل له صلاة أربعين ليلة

Кој ќе посети гатач и ќе го праша за нешто, намазот нема да му се прими четириесет ноќи. Сахих Муслим, 4/1751. Секако дека верникот е должен да продолжи да клања и да се покае. Верувањето дека ѕвездите и планетите влијаат врз случувањата и човечките животи: Зејд ибн Халид Ел Џухени пренесува:

صلى لنا رسول الله صلى الله عليه وسلم صلاة الصبح بالحديبية على أثر سماء كانت من الليلة، فلما انصرف أقبل على الناس، فقال: هل تدرون ماذا قال ربكم؟

قالوا: الله ورسوله أعلم، قال: " أصبح من عبادي مؤمن بي وكافر، فأما من قال مطرنا بفضل الله ورحمته فذلك مؤمن بي وكافر بالكوكب، وأما من قال بنوء كذا وكذا فذلك كافر بي ومؤمن بالكوكب

Божјиот пратеник нѐ предводеше на утринскиот (сабах) намаз кај Худејбије по една дождлива ноќ. По намазот се сврте кон луѓето и рече: Дали знаете што вели вашиот Господар? Присутните рекоа: тоа најдобро го знаат Аллах и Неговиот пратеник. Рече: Некои мои робови се разбудија како верници а некои како неверници. Тие што рекоа: Врне дожд поради Аллаховата добрина и сомилост, се верници и тие не веруваат во планетите. Другите кои рекоа врне дожд поради оваа позиција на ѕвездите не веруваат во Мене, туку веруваат во планетите. Сахих Ел Бухари, Фетхулбари, 2/333. Во оваа категорија спаѓаат и хороскопите од весниците и списанијата, Тој што ќе поверува во влијанието на ѕвездите и галаксиите станува политеист (мушрик), а читањето за забава и разонода е грев и непокорност затоа што не е дозволено забавување читајќи го она што содржи ширк. Голема е опасноста преку нив шејтанот да внесе сомнеж во верувањето, па затоа се смета за средство кое води кон ширк. Во ширк спаѓа и верувањето дека некои работи се корисни, иако Создателот, субхенеху ве теала не ги прогласил за такви. Такви се амајлиите, талисманите, записите со ширк, различните

зрна и школки, метални алки и сл. Најчесто овие амајлии се носат со совет на гатач, маѓепсник или поради наследено верување. Истите најчесто се носат околу вратот, особено кај децата, за наводно да се заштитат од урок. Некои ги врзуваат околу делови на телото, или ги ставаат да висат во автомобилите или домовите. Се носат и прстени со различни камења за кои се смета дека имаат одредено влијание, како што е заштита и оддалечување на несреќа. Нема сомнеж дека овие дела се во спротивност со потпирањето врз Бога (тевекул) и дека со истите само се зголемува немоќта на човекот. Тие спаѓаат во категоријата – лечење со харам. Во овие амајлии честопати среќаваме јасен ширк, како што е барањето помош од џинови и шејтани, нејасни цртежи и неразбирливи записи. Некои маѓепсници запишуваат делови од Куранот и ги мешаат со текстови во кои има ширк. Некогаш текстовите на Куранот се запишуваат со нечистотии или со крв од менструален циклус. Носењето и врзувањето на гореспоменатите нешта е забрането, потврдено со зборовите на Божјиот Пратеник:

من علق تميمة فقد أشرك

Тој што ќе закачи амајлија направил ширк. Ахмед, 4/156, Ес Силсиле Ес Сахиха бр. 492. Тој

што ги носи и верува дека овие нешта имаат моќ да помогнат или да наштетат, неговото дело е голем ширк и тој се смета за мушрик. Ако верува дека овие нешта влијаат само затоа што тоа им го овозможил Аллах, тогаш се работи за мал ширк, познат и како ширк во причините.

## Прикажувањето (рија) во ибадетите (богослужењето):

Доброто дело според верата има два услова: искреноста и придржувањето кон Сунетот. Тој што прави некој ибадет за да биде виден од луѓето се смета за мушрик и неговото дело е ништожно. Пример е тој што клања за да биде виден, Аллах, субханеху ве теала, вели:

إن المنافقين يخادعون الله وهو خادعهم وإذا قاموا إلى الصلاة قاموا كسالى يراءون الناس ولا يذكرون الله إلا قليلا

„Лицемерите настојуваат да го измамат Аллах, а Тој ќе ги надмудри. Кога стануваат намазот (молитвата) да го извршат, мрзеливо стануваат и тоа само за да се прикажат пред светот...“ Ен Ниса, 142. Ист е прописот и доколку направи нешто за да се пренесе и чуе веста кај луѓето, и со тоа направил ширк. За таквото дело има силна опомена, спомната во хадисот кој го пренесува Ибн Абас, радијалл-аху анхума:

من سمَّع سمَّعَ الله به، ومن راءَى راءَى الله به

Кој прави нешто за да биде чуен, Аллах соодветно ќе го казни, а тој што прави нешто за

да биде виден, и него Аллах соодветно ќе го казни. Сахих Муслим, 4/2289. Ако со некој ибадет, за цел ги има и Аллах и луѓето, тоа дело е ништожно. Во еден хадис кудсиј се вели:

أنا أغنى الشركاء عن الشرك، من عمل عملا أشرك فيه معي غيري تركته وشركه

Јас (Аллах) сум Тој што најмалку има потреба некој да му се здружува. Кој ќе направи дело во кое ќе Ми здружи некого, го оставам него и неговиот ширк. Муслим бр. 2985. Ако делото се започне заради Аллах а прикажувањето подоцна се појави, и истото човекот се труди да го отстрани, таквото дело е исправно, но доколку човекот прикажувањето (рија) го прифати со смирена душа и не се обидува да го спречи, тоа дело е ништожно споредповеќемина учени.

## Ет Тијере: Злокобност (што предвестува зло):

Аллах, субханеху ве теала, вели:

فإذا جاءتهم الحسنة قالوا لنا هذه وإن تصبهم سيئة يطيروا بموسى ومن معه

„И кога им беше добро, тие велеа: ,Ова го заслуживме‘, а кога ќе ги снајдеше некаква неволја, тие на Муса и на верниците таа неволја ќе им ја припишеа.“ Ел Араф, 131. Поранешните Арапи пред некое патување или друга работа ќе фатеа птица и потоа ќе ја пуштеа. Доколку птицата ќе полетала надесно, тоа го сметале за

добар знак и ќе продолжеле со тоа што го наумиле. Полетувањето налево го сметале за злокобност и не продолжувале со делото кое имале намера да го направат. Исламскиот пропис за ова дело ни го појаснил Божјиот Пратеник, алејхи селам, кој вели:

الطيرة شرك

Наговестувањето на иднината со летот на птиците е ширк. Ахмед, 1/389 и Сахихул Џами' бр. 3955. Во ова верување, кое е забрането и во спротивност со Тевхидот, влегува и верувањето дека некои месеци се злокобни, како на пример одбегнуваат женидба во месецот Сафер (вториот месец од исламскиот каледнар). Или, пак, истото да се верува за денови, како што е убедувањето дека последната среда во месецот е кобна, или за броевите, дека бројот 13 е злокобен, или за некои имиња или состојби на луѓето. На пример, ако некој тргне да го отвори својот дуќан и по пат сретне човек кој има страбизам, ќе го смета тоа за злокобност и ќе се врати. Сите овие верувања се забранети и се сметаат за ширк. Од сите се дистанцирал Божјиот пратеник, алејхи селам, како што стои во хадисот кој го пренесува Имран ибн Хусајн, радијал-лаху анху:

ليس منا من تطير ولا تطير له ولا تكهن ولا تكهن له (وأظنه قال: ) أو سحر أو سحر له

Не е наш тој што претскажува злокобност преку летот на птиците, или, пак, некој друг му претскажува, тој што гата и на кого му се гата, и мислам дека додаде, и тој што прави магија и за кого се прави магија. Ет Таберани во Ел Кебир, 18/162. Види Сахихул Џами' бр. 5435. Тој што ќе направи нешто такво може да се откупи на начинот кој се пренесува во хадисот на Абдуллах ибн Амр, радијаллаху анху, во кој Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, рекол:

من ردَّته الطيرة من حاجة فقد أشرك، قالوا: يا رسول الله! ما كفارةُ ذلك؟ قال: أن يقول أحدهم: اللهم لا خير إلا خيرك، ولا طير إلا طيرك،ولا إله غيرك

Тој што поради тијере (наговестување злокобност со лет на птица) ќе остави некое дело, направил ширк. Прашаа како да се искупи за направеното? Рече: Нека изговори „Аллаху мој вистинското добро е она кое е Твое и од Тебе, нема злокобност освен кога Ти така ќе одредиш и нема друг бог освен Тебе". Ахмед, 2/220 Ес Силсиле Ес Сахиха бр.1065. Песимизмот (злокобноста) е дел од човечката природа, кај некого повеќе застапен а кај некого помалку,

а најдобар лек е да се потпреш врз Аллах, аз-зе ве џел-ле,

како што е забележано дека Ибн Месуд, радијаллаху анху, рекол : Сите ние некогаш

(наговестуваме добро или зло на начин кој не е дозволен), а истото Аллах го оддалечува со тевекул (потпирање врз Аллах). Ебу Давуд, бр. 3910, Ес Силсиле Ес Сахиха бр.430.

## Заклетвата, но не во Аллахово име.

Аллах, субханеху ве теала, се колне во што сака од она што Тој го создал. На човекот му е дозволена само заклетвата со Аллаховото име. Денеска сме сведоци на многу ситуации кога со јазик лесно се искажува заклетва, но не со Аллаховото име. Заклетвата е еден вид на величање кое му прилега само на Аллах. Од Ибн Омер, радијал-лаху анхума, се пренесува хадисот:

ألا إن الله ينهَاكم أن تحلِفُوا بآبائكم، من كان حالفًا فليحلف بالله أو ليصمت

Аллах ви забранува да се колнете во вашите родители – кој сака да се заколне нека се заколне во Аллах или нека молчи. Сахих Ел Бухари, види Ел Фетх 11/530. Ибн Омер,радијал-лаху анхума, исто така пренесува:

من حلف بغير الله فقد أشرك

Кој ќе се заколне, но не во Аллах, тој направил ширк. Ахмед, 2/125, Сахихул Џами' бр.6204. Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, вели:

من حلف بالأمانة فليس مِنَّا

Кој ќе се заколне во поверливоста тој не е наш. Ебу Давуд бр. 3253, Ес Силсиле Ес Сахиха бр. 94. Не е дозволена заклетвата со Каба, со поверливост, со чест, со помош, со бериќетот на некоја личност, со нечиј живот, со положбата на Пратеникот или некој миленик, со мајките, татковците, главите на децата, сите овие форми на заклетви се забранети и секој што ќе изговори такво нешто, откуп е да каже: Ла илахе ил-лал-лах, како што се советува во овој автентичен хадис: Кој ќе се заколне и во својата заклетва ќе рече: се колнам во Лат и Уза, нека каже: Ла илахе ил-лал-лах. Сахих Ел Бухари, Ел Фетх 11/536. Од овој вид на забранети дела се и: Забранетите форми на изразување во кои има ширк, а кои ги искажуваат некои муслимани, како на пример: барам заштита од Аллах и од тебе, се потпирам врз Аллах и врз тебе, ова е од Аллах и од тебе, немам друг освен Аллах и тебе, Аллах на небото и ти на земјата, да не беа Аллах и тој, јас се дистанцирам од исламот, во разочарување на времето, како и секоја реченица во која се пцуе времето како: ова е зло време, ова е кобен час, време кое мами и сл. Пцуењето на времето му се враќа на Аллах кој е Создател на времето. Природата така сакаше. Сите имиња во кои се изразува робување на некој друг освен Аллах, како Абдул Месих (Роб на месијата-Исус) Абду Небиј (Роб на

Аллаховиот гласник) Абду Ресул (Роб на Аллаховиот пратеник) Абдул Хусејн (Роб на Хусејн) Тука спаѓа и современата терминологија која алудира на негирање на Аллаховиот монотеизам како: Исламскиот социјализам, Исламската демократија, Волјата на народот е Аллахова волја, Верата е за Бога а татковината за сите, Во име на арапската нација, во име на револуцијата. Не е дозволено човек да се именува со титулата Крал на кралевите или Судија на судиите и сл. Не е дозволено со титулата „господине“ да му се обраќаме не лицемер и на неверник, било на арапски или на друг јазик, користењето на фразата (да беше...) во контекст на незадоволство, каење и пишманење – со тоа му се отвора врата на шејтанот, фразата Аллаху мој прости ми ако сакаш. За повеќе информации консултирај се со „Речникот на јазички забрани“ на авторот Бекр Ебу Зејд

## Седенките со лицемерите или грешниците, дружењето и блискост со нив:

Многумина чиишто срца сѐ уште не се исполниле со верување се дружат со грешниците и непокорните, па дури и со такви кои ја навредуваат Аллаховата вера, се шегуваат со истата и со добрите и покорни

муслимани. Нема сомнеж дека едно такво дело е забрането и истото влијае врз верувањето. Аллах, субханеху ве теала, вели:

وإذا رأيت الذين يخوضون في آياتنا فأعرض عنهم حتى يخوضوا في حديث غيره وإما ينسينك الشيطان فلا تقعد بعد الذكرى مع القوم الظالمين

„Кога ќе ги видиш тие што на Нашите зборови се потсмеваат, биди далеку од нив сè додека не прејдат на друг разговор. А ако шејтанот те наведе да заборавиш, тогаш не седи со насилниците кога ќе се сетиш.“ Ел Енам, 68. Не е дозволено дружењето со нив во оваа ситуација, па дури и ако се блиски роднини, слаткоречиви и ако нивното пријателство ни годи. Исклучок е кога наша цел е да ги повикуваме, да одговориме на нивните заблуди и да го искажеме нашето незадоволство. Согласувањето со нив и премолчувањето не се дозволени. Аллах, субханеху ве теала, вели:

فإن ترضوا عنهم فإن الله لا يرضى عن القوم الفاسقين

„Ако бидете задоволни од нив, Аллах сигурно не е задоволен со народот грешен.“ Ет Тевбе, 96.

## Недостатокот на смиреност во намазот:

Кражбата е еден од најголемите гревови, а посебно кога крадеш од намазот. Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, рекол:

أسوأ الناس سرقة الذي يسرق من صلاته، قالوا: يا رسول الله! وكيف يسرق من صلاته؟ قال: لا يتم ركوعها ولا سجودها

Најлоша кражба е кражбата на тој што краде од својот намаз. Рекоа: Божји Пратенику како краде од својот намаз? Одговори: Преку непотполно прегибување (руку) и сеџде. Ахмед, 5/310 и Сахихул Џами' бр. 997. Отсутсвото на смиреност во намазот, неисправувањето на грбот при руку и сеџде, при подигнување од руку и при седењето помеѓу две сеџди, сите овие недостатоци се забележливи кај многу клањачи.

Речиси и да нема џамија во која нема да видиш вакви примери на несмиреност при намазот.

Концентрацијата и смиреноста при намазот се неодвоен дел (рукн) и без нив намазот е непотполн – прашањето е сериозно.

Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, рекол:

لا تُجزئ صلاة الرجل حتى يقيم ظهره في الركوع والسجود

Не е прифатлив намазот на тој којшто не го исправа грбот при руку и при сеџде. Ебу Давуд, 1/533 и Сахихул Џами' бр. 7224.

Се работи за грешка која повлекува со себе предупредување и закана.

Ебу Абдулах Ел Еш'ари, радијаллаху анху, пренесува: Божјиот Пратеник, сал-лаллаху алејхи ве селем, клањаше со своите асхаби и потоа седна со една група од нив. Влезе еден

човек и почна да клања, а неговите руку и сеџда личеа на колвење. Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, рече:

أترَون هذا؟ من مات على هذا مات على غير ملة محمد، ينقر صلاته كما ينقر الغراب الدم، إنما مثل الذي يركع وينقر في سجوده كالجائع لا يأكل إلا التمرة والتمرتين فماذا تغنيان عنه

Го гледате ли овој? Кој ќе умре во оваа состојба нема да умре како дел од уметот на Мухамед. Колве во намазот како што гавранот колве крв. Начинот на кој оди на руку и на сеџде личат на колвење и на гладен човек кој ќе земе една или две урми, што тие можат да го заситат? Ибн Хузејме, 1/332, Сифету Салатин-Небиј од Албани, стр. 131. Зејд ибн Вехб, пренесува дека Хузејфе видел некого кој непотполно ги извршувал руку и сеџдите па му рекол: Не си клањал и доколку би умрел, не би умрел во природната состојба во која Аллах, субханеху ве теала, го упатил Мухамед, сал-лал-лаху алејхи ве селем. Сахих Ел Бухари, види Ел Фетх, 2/274. Тој што не е смирен во намазот, ако го научи прописот, е должен да го повтори намазот доколку сѐ уште не поминало неговото време. За другите намази треба да се покае, и не е должен истите да ги повтори. На ова укажува хадисот:

ارجع فصَلِّ فإنك لم تُصلِّ

Врати се и клањај, затоа што ти не си клањал (во исправна форма)

## Несериозноста и многу движења во намазот:

Овој проблем е присутен кај многу клањачи, коишто не ја извршуваат Аллаховата наредба:

وقوموا لله قانتين

„и пред Аллах понизно стојте.“ Ел Бекаре, 238.

Тие не ги разбрале зборовите на Аллах:

قد أفلح المؤمنون، الذين هم في صلاتهم خاشعون

„Успешни се верниците! Тие кои во своите намази (молитви) се понизни.“

Ел Муминун, 1-2. Кога го прашале Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, за бришење на песокот при сеџде, одговорил:

لا تمسح وأنت تصلي، فإن كنت لا بد فاعلًا فواحدة تسوية الحصى

Не бриши го (песокот) додека клањаш, а ако мораш тогаш само еднаш за да го израмниш песокот. Ебу Давуд, 1/581 и Сахихул Џами’ бр. 7452. Алимите велат дека многу последователни движења без некоја потреба обезвреднуваат намазот. Ако е таков ставот за движењата, каков ли е, тогаш, за несериозните кои стоејќи пред Аллах гледаат во часовникот, или пак ја поправаат својата облека, со прст го

чепкаат носот, погледот го вртат лево, десно и нагоре, и не стравуваат дека Аллах може да им го одземе видот или, пак, шејтанот може да им украде од намазот.

## Намерно неследење (престигнување) на имамот во намаз:

Човекот по природа е брзоплет:

وكان الإنسان عجولًا

„Човекот навистина избрзува." Ел Исра, 11. Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, вели:

التأني من الله والعجلة من الشيطان

Смиреноста е од Аллах, а избрзувањето од шејтанот. Ел Бејхеки, Сунен Ел Кубра 10/104 и во Ес Силсиле бр.1795. Честопати околу нас, за време на намазот, забележуваме луѓе кои избрзуваат пред имамот. Истото можеби и ние некогаш го правиме, па пред имамот одиме на руку или сеџде, ги изговараме текбирите пред да го слушнеме имамот, па дури и пред него го изговараме селамот. Иако многумина можеби не ги сметаат за големи овие пропусти, за истите многу експлицитно нѐ опоменал Божјиот Пратеник, алејхи селам, кој рекол:

أما يخشى الذي يرفع رأسه قبل الإمام أن يحول الله رأسه رأس حمار

Зарем не се плаши тој што пред имамот ќе ја подигне главата, дека Аллах може да му ја

претвори во глава од магаре. Муслим, 1/320-321.

Ако од еден клањач се бара смирено и достоинствено да доаѓа на намаз, тогаш како треба да се однесува во самиот намаз?

На некои луѓе можеби им се мешаат избрзувањето со доцнењето при следењето на имамот. Учените алими, Аллах нека им се смилува, укажуваат на важно правило кое ќе ни помогне да не доцниме и да не избрзуваме. Правилото е: да не започнуваме движење сѐ додека не заврши имамот со изговарањето на текбирот. Кога ќе ја слушнеме буквата (р) од Аллаху Екбер, ќе започнеме со движењето, ни пред тоа ни многу по тоа. На тој начин ќе се воспостави ред по ова прашање. Асхабите (другарите) на Божјиот Пратеник биле многу внимателни да не избрзуваат пред нивниот имам, Мухамед, сал-лал-лаху алејхи ве селем.

Еден од нив, Ел Бера ибн Азиб, радијал-лаху анху, вели:

إنهم كانوا يُصلُّون خلف رسول الله صلى الله عليه وسلم، فإذا رفع رأسَه من الركوع، لم أرَ أحدًا يحني ظَهرَه حتى يضَعَ رسول الله صلى الله عليه وسلم جبهتَه على الأرض، ثم يخِرّ مَن وراءَه سُجَّدًا

Клањаа зад Божјиот Пратеник, сал-лаллаху алејхи ве селем, и кога тој ќе ја подигнеше главата од руку, никој не одеше на сеџде сѐ додека Божјиот пратеник, алејхи селам, не го

ставеше своето чело на земја, потоа сите паѓаа ничкум.

Сахих Муслим бр. 474, издание Абдул Баки.

Во старите години, движењата на Божјиот Пратеник станаа побавни, па затоа ги опоменал тие што клањаат зад него:

يا أيها الناس! إني قد بدنت فلا تسبقوني بالركوع والسجود

Луѓе, јас остарев, па немојте да ме престигнувате при руку и сеџда.

Ел Бејхаки, 2/93 и истиот Албани го оценува како хасен во Ирваул Галил, 2/290. Имамот е должен да работи според сунетот при текбирите, кој е спомнат во хадисот на Ебу Хурејре, радијал-лаху анху: Кога сакаше да клања намаз, Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, изговараше текбир на почетокот, текбир при одење на руку, текбир при одење на сеџде, при подигнување на главата, при повторната сеџда и при повторното подигнување на главата. Така правеше во целокупниот намаз до неговото завршување. Изговараше текбир и при станувањето по вториот рекат. Ел Бухари бр. 756. Издание Ел Буга.

Доколку имамот се придржува кон движењата заедно со текбирите и доколку клањачите по него го следат според правилото

кое го спомнавме, ќе се регулира прашањето на намазот во џемат.

## Пристап во џамија на оној кој јадел лук, кромид или нешто што лошо мириса:

Аллах, субханеху ве теала, вели:

يا بني آدم خذوا زينتكم عند كل مسجد

„О, синови Адемови,облечете се убаво кога сакате намазот (молитвата) да го извршите!“ Ел Араф, 31. Џабир, радијал-лаху анху, пренесува, Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, рекол:

من أكل ثوما أو بصلا فليعتزلنا أو قال: فليعتزل مسجدنا وليقعد في بيته

Кој јадел лук или кромид нека се оддалечи од нас, или можеби рекол: нека се оддалечи од нашите џамии и нека седи дома. Сахих Ел Бухари, види Ел Фетх, 2/339. Во преданието на Муслим стои:

من أكل البصل والثوم والكراث فلا يقربن مسجدنا؛ فإن الملائكة تتأذَّى مما يتأذَّى منه بنو آدم

Кој јадел лук, кромид или праз нека не се приближува до нашата џамија. Навистина на мелеците им пречи она што им пречи и на луѓето. Муслим, 1/395. Во една од петочните хутби, Омер ибн Ел Хатаб, радијал-лаху анху, рекол: А вие јадете два вида на зеленчук кои ги сметам за лоши, кромидот и лукот, го видов, Божјиот пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем,

кога ја почувствува нивната миризба кај некој човек во џамија, нареди истиот да биде изведен до гробиштата Ел Беки’. Ако веќе ги јадете, згответе ги за да ја изгубат лошата миризба. Муслим, 1/396.

Во оваа категорија спаѓаат и тие што во џамија доаѓаат директно од нивните работни места, мирисаат на пот од под пазувите како и од чорапите.

Тука спаѓаат и пушачите кои со својата мирзба во џамиите им пречат на мелеците, како и на клањачите.

## Зина – Блуд (недозволен полов однос)

Чувањето на моралот и честа е една од возвишените цели на шеријатот. Заради таа причина блудот е забранет. Аллах, субханеху ве теала, вели:

ولا تقربوا الزنى إنه كان فاحشة وساء سبيلا

„И не приближувајте му се на блудот, бидејќи тоа е разврат, колку лош пат е тоа!“ Ел Исра, 32. Исламскиот верозакон ги спречува сите предуслови и начини кои водат кон блудот, го наредува хиџабот, спуштањето на погледот, го забранува осамување со некој од спротивниот пол со кого не сме во блиска роднинска врска. Блудникот кој е во брак се казнува со најжестоката казна, каменување до смрт, за да ја вкуси горчината на неговото дело,

да почувствува болка неговото тело со кое блудничел и се задоволувал на недозволен начин. Блудникот, пак, кој при сексуален однос не бил во легитимен брак, се казнува со камшикување од сто камшика и тоа е најголемата казна од овој тип. Со присуството на група верници кои се сведоци на казнувањето се поттикнува и ефектот на јавно посрамување на извршителот. Понижувањето продолжува и со прогон надвор од местото на живеење, од местото каде е направен гревот, во траење од една година. Казната за блудниците во Берзех (периодот помеѓу смртта и проживувањето): Ќе бидат во фурна чијшто горен дел е тесен а долниот широк, ќе се запали оган а тие ќе бидат голи. Откако ќе се запали оганот ќе заврискаат и качувајќи се нагоре речиси ќе излезат. Кога ќе стивне оганот ќе се вратат долу и така ќе се казнуваат до Судниот ден. Грдоста на овој грев е поголема кај тие што постојано го прават овој грев и доколку е од постарите кои веќе му се приближуваат на гробот и смртта, а Аллах сè уште не ги казнува. Ебу Хурејре, радијал-лаху анху, го пренесува овој хадис:

ثلاثة لا يُكلِّمهم الله يوم القيامة ولا يزكيهم ولا ينظر إليهم ولهم عذاب أليم: شيخ زان وملك كذاب وعائل مستكبر

Со тројца Аллах нема да зборува на Судниот ден, нема да ги исчисти нуту ќе ги погледне и ќе бидат казнети со болна казна: блуден старец, владетел кој лаже и вообразен сиромав. Муслим, 1/102-103. Во најлошата заработка спаѓа надоместокот што се зема за блуд. Блудницата која го нуди своето тело и интимни делови е лишена од примање на довата во времето кога на половината на ноќта се отвораат портите на небото.

Хадис во Сахихул Џами' бр. 2971.

Потребата и сиромаштвото не се верско оправдување за преминување на Аллаховите граници. Порано се велеше: Ќе гладува слободната жена и нема да се храни со своите „гради“. Секако нема да го нуди и нејзиното најинтимно место. Во нашево време вратите кон овој грев се отворени, шејтанот со своите сплетки и сплетките на неговите слуги го олеснил патот до блудот. Неговиот пат го следат непокорните и грешниците, се рашири голотијата и се намали бројот на прописно покриените жени, и речиси никој не внимава на погледот и гледањето во харам. Мешањето помеѓу двата пола е распространето, се рекламираат неморалните списанија и филмови, се патува во разни земји заради блуд, постои пазар на проституцијата, се гази честа,

се зголеми бројот на деца од блуд и бројот на абортуси.

Аллаху наш смилувај ни се, биди благ кон нас, покриј ги нашите гревови и заштити не од неморалностите.

Исчисти ги нашите срца, заштити ги нашите интимни делови а помеѓу нас и недозволеното направи непремостлива преграда.

## Хомосексуализам:

Гревот на народот на Лут, алејхи селам, беше хомосексуализмот. Аллах, субханеху ве теала, вели:

ولوطا إذ قال لقومه إنكم لتأتون الفاحشة ما سبقكم بها من أحد من العالمين.
أئنكم لتأتون الرجال وتقطعون السبيل وتأتون في ناديكم المنكر

„И Лут, кога на народот свој му рече: ‚Вие правите таков разврат, каков пред вас никој на светот не правел: имате односи со мажи, на патиштата пресретнувате и на собирите свои најодвратни работи правите.'" Ел Анкебут, 28-29. Поради одвратноста на овој грев и разврат, и поради неговата опасност, Аллах вршителите на истиот ги казнил со четири вида на казни со кои не казнил друг народ одеднаш, заслепување на нивните очи, го превртел тоа што било горе да биде долу, врнело дожд од камења од скаменета глина нив ги снашол страшен глас, кога Сонцето излегувало. Во исламскиот верозакон смртната казна со сабја,

според прифатеното мислење, е казна за хомосексуалците доколку тоа го направиле драговолно и по нивен избор. Ибн Абас, радијал-лаху анхума, пренесува хадис во кој се вели: Тој што го чини делото на народот на Лут, и тој врз кој се чини, убијте ги. Ахмед, 1/300 и Сахихул Џами' бр. 6565.

Различните болести кои се појавија во наше време, а кои не беа познати порано, а чија причина е ова развратно дело (сида и сл.) укажуваат на мудроста на Законодавецот на оваа жестока казна.

## Сопругата која без верска причина го одбива нејзиниот сопруг во постела:

Ебу Хурејере, радијал-лаху анху, вели: Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, рекол:

إذا دعا الرجل امرأته إلى فراشه فأبت فبات غضبان عليها لعنتها الملائكة حتى تصبح

Мажот кој својата сопруга ќе ја повика во постела, а таа ќе одбие, гневот Божји и проклетството на мелеците се врз неа до зората. Ел Бухари, види Ел Фетх, 6/314. Многу сопруги кои имаат несогласување со сопрузите ги „казнуваат", според нивното размислување, одбивајќи им го брачното право во постелата. Ваквото дело има многу негативни последици како: блудот кон кој може да пристапи

сопругот, и може да се сврти на штета на сопругата и мажот сериозно да почне да размислува за втора жена. Затоа сопругата без двоумење треба да ја изврши нејзината брачна должност кон мажот, исполнувајќи го советот на Божјиот Пратеник:

إذا دعا الرجل امرأته إلى فراشه فلتجب وإن كانت على ظهر قتب

Кога мажот ќе ја повика во постела својата сопруга нека му се ѕвие па дури и ако е врз „катеб“ (седло) на камила. Види Зеваидул Беззар, 2/181 и Сахихул Џами’ бр. 547.

Катеб е седло кое се става врз грбот на камила за јавање.

Сопругот е должен да ја земе предвид состојбата на жената доколку е болна, бремена, тажна, за да има хармонија и согласност помеѓу нив.

## Барање развод од страна на сопругата без верски оправдана причина:

Има многу сопруги кои избрзуваат со барањето развод од нивните мажи, па дури и при најмало несогласување. Некои од нив бараат развод доколку мажот не ѝ дава онолку пари колку што посакува таа, а неретко причини се подбуцнувањата од роднините и сосетките кои не им сакаат добро. Има и такви кои ги предизвикуваат своите мажи со тешки зборови како:

Ако си машко разведи се од мене,

без да бидат свесни за негативните последици на разводот, како распаѓање на семејството и отуѓување на децата. Можеби ќе се покајат тогаш кога каењето нема да им користи, па поради овие, но и други последици, се гледа мудроста на оваа верска забрана. Сеубан, радијаллаху анху, пренесува: Секоја сопруга која од нејзиниот маж без некоја причина ќе побара развод, нема да ја почувствува миризбата на џенетот. Ахмед, 5/277 и Сахихул Џами' бр. 2703. Укбе ибн Амир, радијаллаху анху го пренесува следниот хадис: Навистина, тие што бараат и извлекуваат развод, се хипокрити. Ет Таберани во Ел Кебир, 17/339 и Сахихул Џами' бр.1934. Доколку причината е верска, како неизвршување на намазот, користење на алкохолот и дрогата од страна на сопругот, или ја принудува сопругата да направи забранетото дело, или е неправеден и насилен кон неа, како и нејзиното лишување од нејзините легитимни права, и ако не користат советите и обидите за смирување, тогаш сопругата има право да бара развод за да се спаси и за да ја спаси нејзината вера.

## Ез Зихар:

Во наше време сè уште се присутни недозволени формули за развод од периодот на

џахилијетот како Ез Зихар, а тоа е на сопругата да ѝ каже: ти за мене си како грбот на мојата мајка, или: за мене си недозволена како мојата сестра, и други недозволени формулации кои шеријатот не ги прифаќа, а во кои има неправда кон жената. Аллах, субханеху ве теала, ова дело го опишува на следен начин:

الَّذِينَ يُظَاهِرُونَ مِنكُم مِّن نِّسَائِهِم مَّا هُنَّ أُمَّهَاتِهِمْ إِنْ أُمَّهَاتُهُمْ إِلَّا اللَّائِي وَلَدْنَهُمْ وَإِنَّهُمْ لَيَقُولُونَ مُنكَرًا مِّنَ الْقَوْلِ وَزُورًا وَإِنَّ اللَّهَ لَعَفُوٌّ غَفُورٌ

„Тие од вас кои што на жените свои ќе им кажат дека веќе не им се допуштени, како што не им се допуштени мајките нивни – а тие не се нивни мајки, мајки нивни се само тие што ги родиле – тие навистина зборуваат лоши зборови и невистина, а Аллах сигурно ги брише гревовите и простува.“ Ел Муџадела, 2. За овој грев исламскиот верозакон предвидел тешка компензациска казна која е слична на ненамерното убиство и иста како за сексуалното општење во текот на денот во Рамазан. Тој што на овој начин ќе се разведе од својата жена не смее да ѝ се приближи сè додека не се искупи. Аллах, субханеху ве теала, вели:

وَالَّذِينَ يُظَاهِرُونَ مِن نِّسَائِهِمْ ثُمَّ يَعُودُونَ لِمَا قَالُوا فَتَحْرِيرُ رَقَبَةٍ مِّن قَبْلِ أَن يَتَمَاسَّا ذَٰلِكُمْ تُوعَظُونَ بِهِ وَاللَّهُ بِمَا تَعْمَلُونَ خَبِيرٌ فَمَن لَّمْ يَجِدْ فَصِيَامُ شَهْرَيْنِ مُتَتَابِعَيْنِ مِن قَبْلِ أَن يَتَمَاسَّا فَمَن لَّمْ يَسْتَطِعْ فَإِطْعَامُ سِتِّينَ مِسْكِينًا ذَٰلِكَ لِتُؤْمِنُوا بِاللَّهِ وَرَسُولِهِ وَتِلْكَ حُدُودُ اللَّهِ وَلِلْكَافِرِينَ عَذَابٌ أَلِيمٌ

„Тие што на жените свои ќе им кажат дека не им се допуштени, како што не им се допуштени мајките нивни, а потоа ќе решат да се вратат на ставот на кој биле пред изречените зборови, должни се, пред едни со други да се допрат, да ослободат еден роб од ропство. Тоа ви се наредува, а Аллах добро го знае тоа што вие го правите. Тој што нема да најде, должен е непрекинато да пости два месеца пред еден со друг да се допрат. А тој што не може, должен е да нахрани шеесет сиромашни, за да потврди дека верува во Аллах и во Неговиот Пратеник – тоа ви се Аллаховите прописи. А неверниците ги чека болна казна.“ Ел Муџадела, 3-4.

## Сексуален однос со сопругата во тек на менструалниот циклус:

Аллах, субханеху ве теала, вели:

وَيَسْأَلُونَكَ عَنِ الْمَحِيضِ قُلْ هُوَ أَذًى فَاعْتَزِلُواْ النِّسَاء فِي الْمَحِيضِ وَلاَ تَقْرَبُوهُنَّ حَتَّىَ يَطْهُرْنَ فَإِذَا تَطَهَّرْنَ فَأْتُوهُنَّ مِنْ حَيْثُ أَمَرَكُمُ اللّهُ إِنَّ اللّهَ يُحِبُّ التَّوَّابِينَ وَيُحِبُّ الْمُتَطَهِّرِينَ

„И те прашуваат за месечниот циклус. Кажи: ‚Тоа е непријатност.‘ Затоа немојте да имате интимни односи со сопругите за време на нивниот месечен циклус, и не приоѓајте им сè додека не се исчистат! А кога ќе се исчистат, приоѓајте им така како што Аллах ви наредил! – Аллах навистина ги сака тие што се каат и ги сака тие што се чистат.“ Ел Бекаре, 222. Не е

дозволен интимниот однос сè додека не престане менструалниот циклус и сè додека не се избања, а доказ е ајетот:

فَإِذَا تَطَهَّرْنَ فَأْتُوهُنَّ مِنْ حَيْثُ أَمَرَكُمُ اللّهُ

А кога ќе се искапат, приоѓајте им така како што Аллах ви наредил! Ел Бекаре, 222. На грдоста на овој грев укажува хадисот: Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, вели:

من أتى حائضا أو امرأة في دبرها أو كاهنا فقد كفر بما أنزل على محمد

Тој што ќе има однос со жена во текот на менструација, или во аналниот отвор или ќе отиде кај гатач, го негира она што му е објавено на Мухамед. Сунен Ет Тирмизи 1/243 и Сахихул Џами' бр. 5918. Тој што ќе го направи тоа по грешка или без знаење нема одговорност. Тој што тоа намерно ќе го направи, знаејќи дека се работи за грев, треба да се искупи на начин како е спомнато во еден хадис кој некои алими го сметаат за автентичен – еден златен динар или половина. Според некои алими тој што сака да се искупи има право да бира, еден или половина динар, според други доколку односот е на почетокот на циклусот кога крварењето е обилно откупот е еден динар, а кога односот е на крај на циклусот кога крварењето е мало или завршило пред пропишаното капење, откупот е половина динар. Според пресметката динарот

има тежина 4,25 грама злато, или вредноста на ова злато со валута.

## Сексуален однос во анус:

Има и такви застранети, кои не ја одбегнуваат забраната и имаат однос со нивните сопруги во аналниот отвор (местото каде излегува фецесот). Ова е голем грев, И Божјиот Пратеник го проколнал вршителот на ова дело: Ебу Хурејре, радијал-лаху анху, пренесува дека Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, рекол:

ملعون من أتى امرأة في دبرها

Проколнат е тој што има однос со својата сопруга во аналниот отвор. Ахмед 2/479 и Сахихул Џами' бр. 5865. Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, рекол:

من أتى حائضا أو امرأة في دبرها أو كاهنا فقد كفر بما أنزل على محمد

Кој има однос со жена во текот на менструалниот циклус или во нејзиниот анален отвор, го негира она што му е објавено на Мухамед.

Тирмизи 1/243 и Сахихул Џами' бр. 5918.

Иако многу сопруги ваквото дело, кое е спротивно на чистата природа, го отфрлаат, има и такви кои поради страв од развод, или поради срамежливост, да прашаат некого што е учен, од страна на своите сопрузи се измамени

дека тоа дело е дозволено (халал). Тие можеби и ќе им го цитираат ајетот:

نساؤكم حرث لكم فأتوا حرثكم أنى شئتم

„Сопругите ваши се ниви ваши, а вие приоѓајте им на нивите ваши како што сакате!“ Ел Бекаре, 223. Но факт е дека Сунетот дава објаснување на Куранскиот текст, и Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, објаснил дека е дозволен односот од предната и од задната страна доколку е во женскиот интимен орган. Не е непознато дека аналниот отвор има позната функција и не е место наменето за сексуален однос.

Како причини за овој грев можеме да ги наведеме:

Следење на пракси и недолично сексуално однесување непознато кај муслиманите а кое им се наметнуваа во брачните односи,

сеќавања на сцени од порнографските филмови и обид за нивно практикување во бракот, без покајание. Општо познато е дека ваквото дело е забрането, па дури и кога и двата сопружника се согласуваат. Согласноста во забранетото не го прави делото дозволено.

## Неправедност помеѓу сопругите:

Аллах, субханеху ве теала, во Својата Мудра книга нè советува да бидеме праведни со сопругите. Аллах, субханеху ве теала, вели:

ولن تستطيعوا أن تعدلوا بين النساء ولو حرصتم فلا تميلوا كل الميل فتذروها كالمعلقة وإن تصلحوا وتتقوا فإن الله كان غفورا رحيما

„Вие нема да можете кон сопругите свои потполно еднакво да постапувате, колку и да го сакате тоа. Но не допуштајте си себеси таква наклонетост кон некоја, па некоја да оставите како да е без сопруг, а неразведена. А ако вие се поправите и се плашите од Аллах, па, Аллах, навистина, простува и Милостив е!“ Ен Ниса, 129. Праведноста која се бара е: да биде праведен и со сите еднакво да преноќува, на сите еднакво да им обезбеди одржување и облека, од него не се бара сите еднакво да ги сака, затоа што љубовта е во срцето и човек не може да ја контролира. Забележливо е и дека има и такви сопрузи кои се во брак со повеќе од една сопруга, и даваат предимство на една и ги запоставуваат другите. Кај една преноќува повеќепати, за неа троши повеќе пари и сл. Ваквото однесување е забрането (харам), и истиот на Судниот ден ќе биде во оваа состојаба како што е опишано: Ебу Хурејере, радијал-лаху анху, вели: Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, рекол:

من كانت له امرأتان فمال إلى إحداهما جاء يوم القيامة وشقه مائل

Тој што има две жени и повеќе е наклонет кон едната, на Судниот ден ќе дојде а едната страна

ќе му виси. Ебу Давуд 2/601 и Сахихул Џами’ бр. 6491.

## Осамување со туѓа жена:

Шејтанот е повеќе од заинтересиран да внесува неред помеѓу луѓето и да ги поттикне не харам. Заради тоа Аллах нè предупредува велејќи:

يا أيها الذين آمنوا لا تتبعوا خطوات الشيطان ومن يتبع خطوات الشيطان فإنه يأمر بالفحشاء والمنكر .. الآية

„О, верници, не одете по стапките на шејтанот! Тој што ќе оди по шејтановите стапки, тој него на разврат и на одвратни дела ќе го тера.“ Ен Нур, 21. Шејтанот се движи низ крвните садови на човекот, и еден од начините да се поттикне човек на грев е да се осами со, нему, туѓа личност од женскиот пол. Поради ваквата опасност, превентивно е забрането таквото осамување, како што се предупредува во хадисот кој вели:

لا يخلُونَّ رجلٌ بامرأة إلا كان ثالثهما الشيطان

Нема да се осами маж со жена а третиот помеѓу нив да не е шејтанот. Тирмизи 3/474 види и Мишкатул Месабих бр. 3118. Ибн Омер, радијал-лаху анхума, пренесува, Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, рекол:

لا يدخلن رجلٌ بعد يومي هذا على مغيبةٍ إلا ومعه رجل أو اثنان

По денешниот ден нека не влегува никој кај жена чијшто маж е отсутен, освен ако со него се уште еден или двајца мажи. Муслим 4/1711. Не е дозволено маж да се осамува со, нему, туѓа жена во куќа, соба или во автомобил. Тука спаѓаат: сопругата на братот, слугинката, potoa, на болна жена не ѝ е дозволено осамување со лекарот и сл. Многумина се невнимателни по ова прашање заради самодовербата или довербата кон другите, и како резултат имаме блуд или вовед кон блудот. Трагедијата станува уште поголема преку мешањето на родословието и децата кои се плод на недозволена врска.

## Ракување со женско лице кое не е во роднинска врска:

По ова прашање имаме судир на некои општествени традиции и исламскиот верозакон, и по истото прашање честопати на традицијата и на обичаите им се дава предност пред словото на исламскиот верозакон. Доколку им се обратиш според исламските норми спомнувајќи го доказот за твоето однесување, ќе те обвинат за назадност и комплицирање, за прекинување на роднинските врски, ќе се посомневаат во твоите намери и ред други обвинувања. Ракувањето со братучеда од чичко, вујко и

тетка, сопруга на братот или сопруга на чичко и вујко во нашите средини стана доминантно однесување. Доколку разумно и без предрасуди размислеа за ваквото однесување ќе ја увидеа опасноста на истото. Во еден хадис е кажано:

لأن يطعن في رأس أحدكم بمخيط من حديد خير له من أن يمس امرأة لا تحل له

Во главата на некој од вас да се забие железна игла е подобро за него отколку да допре жена која не му е дозволена. Таберани 20/212 и Сахихул Џами' бр. 4921. Нема сомнеж дека ваквото дело се смета за блуд со рака, како што се вели во еден друг хадис: И очите блудничат, и рацете блудничат, и нозете блудничат и интимниот орган блудничи. Ахмед 1/412 и Сахихул Џами' бр. 4126. Зарем постоел некој со почисто срце од Мухамед, алејхи селам?! Тој јасно рекол:

إني لا أُصافِح النساء

Јас не се ракувам со жени.

Ахмед 6/357 и Сахихул Џами' бр.2509. На друго место потенцирал:

إني لا أمس أيدي النساء

Јас не ги допирам рацете на жените. Таберани во Ел Кебир 24/342 и Сахихул Џами' бр.7054, види Ел Исабе 4/354 издание на Дарул Китаб Ел Араби. Аиша, радијал-лаху анха, вели:

ولا والله ما مسَّت يدُ رسول الله صلى الله عليه وسلم يدَ امرأةٍ قطُّ، غيرَ أنه يُبايِعهن بالكلام.

Не, се колнам во Аллах, дека раката на Божјиот Пратеник, алејхи селам, не допрела рака на жена. Нивниот завет беше само со зборови. Муслим 3/1489. Нека се плашат од Аллах тие кои што на своите чедни жени им се закануваат со развод доколку не се ракуваат со нивните браќа. Ракувањето директно и преку ткаенина помеѓу рацете (ракавици и сл.) е недозволено и се смета за харам.

## Жена која ќе нанесе парфем при излегување од дома и така ќе помине пред мажи:

Овој грев е многу присутен во нашето време, иако на истиот јасно укажува силната опомена од страна на Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, кој вели: Онаа жена која ќе стави парфем и потоа ќе помине пред луѓе за да го почувствуваат нејзинот мирис се смета за блудница. Ахмед 4/418 и Сахихул Џами' бр. 105. Некои жени се немарни и невнимателни и тоа го прават сметајќи дека е олеснителна ситуација ако се работи за шоферот, продавачот, портирот на училиштето и сл. Исламските прописи се строги по ова прашање и жената која се намирисала треба да се избања како при Гусул доколку сака да излезе од дома, па дури и во џамија. Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, вели:

أيُّما امرأةٍ تطيَّبَت ثم خرَجَت إلى المسجد ليوجد ريحها لم يقبل منها صلاة حتى تغتسل اغتسالها من الجنابة

Секоја жена која ставила парфем па излегла во џамија за да се почувствува мирисот на парфемот, нема да ѝ се прими намазот сè додека не се избања како што се бања тој што имал сексуален однос. Ахмед 2/444 и Сахихул Џами' бр. 2703. Аллах нека ни е напомош со сите тие мириси и парфеми на жените пред семејните веселби и свадби. Овие парфеми и понекогаш одбивни мириси се користат на пазарите, средствата за транспорт, јавните места па дури и во џамиите во текот на ноќите во Рамазан. Според шеријатот женските парфеми имаат боја и помалку изразена миризба, Аллах го молиме да нè заштити, и да не ги казни добрите верници, мажи и жени, поради тоа што го прават лесноумните и немарните. Аллаху мој, упати нè сите на правиот пат.

## Патувањето на жената без сопатник (махрем)

Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, рекол: На жената која верува во Аллах и во Судниот ден не ѝ е дозволено да изврши еднодневно патување без сопатник (махрем). Муслим 2/977. Патувањето без машки сопатник ги предизвикува неморалните да се обидат да ја испровоцираат, и доколку е слаба личност,

можеби и ќе потпадне под нивното влијание. Во најмала рака ќе ја повредат нејзината чест и морал. Иста е ситуацијата и при патување со авион дури и ако има махрем кој ќе ја испрати и ќе ја дочека. Кој ќе седне до неа во авионот?

Доколку авионот принудно слета на друго место или, пак, се случи одложување на летот, што да се прави во таа ситуација?

Има многу вакви вистински случки.

Махремот треба да исполни четири услови, Да е муслиман, полнолетен, да нема умно нарушување и да е од машки пол. Ебу Сеид Ел Худри, радијал-лаху анху, вели: Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, рекол:

لا يحل لامرأة تؤمن بالله واليوم الآخر أن تسافر سفرا يكون ثلاثة أيام فصاعدا إلا ومعها أبوها أو ابنها أو زوجها أو أخوها أو ذو محرم منها

На жената која верува во Аллах и во Судниот ден не ѝ е дозволено да патува три и повеќе дена освен со присуство на нејзиниот татко, син, сопруг, брат или друг роднина (со кој не смее да стапи во брак). Муслим 2/977.

## Намерно гледање во туѓа жена:

Аллах, субханеху ве теала, вели:

قل للمؤمنين يغضوا من أبصارهم ويحفظوا فروجهم ذلك أزكى لهم إن الله خبير بما يصنعون

„Кажи им на верниците нека ги спуштат погледите свои и нека ги

чуваат срамните места свои; тоа им е најморално, затоа што Аллах

навистина го знае тоа што го прават.“ Ен Нур, 30. Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, рекол:

... فزنا العين النظر ..

Блудот на окото е (забранетиот) поглед, да гледаш во она што Аллах го забранил. Сахихул Бухари, види Фетхул Бари 11/26. Искучок е кога е верски оправдано како кога вереникот сака да ја види девојката со која сака да се вери или при посета на лекар. И на жената ѝ е забрането да гледа во друго машко лице, со поглед кој може да ја стави во искушение. Аллах, субханеху ве теала, вели:

وقل للمؤمنات يغضضن من أبصارهن ويحفظن فروجهن

А кажи им на верничките нека ги спуштат погледите свои и нека ги

чуваат срамните места свои. На мажот не му е дозволено да гледа, со пожуда, друг маж, исто така на мажот не му е дозволено да гледа во интимните делови на друг маж, ниту пак на жената ѝ е дозволено да гледа во интимните дел на друга жена. Она што е забрането да се гледа не е дозволено ни да се допира, па дури и преку облека.

Шејтанот си поигрува со некои луѓе на

кои им вели дека дозволено е гледање на разголени фотографии во списанија и на филмови затоа што истите не се вистински (реални). А негативното влијание на овие слики и филмови и поттикнувањето на страстите се повеќе од евидентни.

## Согласност со неморал во семејството:

Ибн Умер, радијал-лаху анхума, го пренесува следниот хадис:

ثلاثة قد حرم الله عليهم الجنة: مدمن الخمر والعاق والديوث الذي يقر في أهله الخبث

На тројца џенетот им е забранет: на хроничниот алкохоличар, на тој што не е послушен на родителите и на „дејузот“, кој со согласност го прифаќа неморалот во неговото семејство. Ахмед 2/69 и Сахухул Џами' бр. 3047.

Примери на вакво однесување во наше време:

Дозволува неговата ќерка или сопруга да разговараат со туѓинци по телефон или директно и при тоа се толерира флерувањето. Дозволува осамување на женските лица во неговата куќа со туѓинци, или, пак, толерира истите сами да патуваат со шофер, туѓинец, во ист автомобил.

Го толерира излегувањето од куќа без прописно облечен хиџаб,

ги изложува на погледите на непознати лица. Во куќата внесува списанија и филмови кои шират неморал и сл.

## Фалсификување на потеклото и негирање на синот од страна на таткото:

Според исламот не е дозволено некој да тврди дека му е татко некој друг освен вистинскиот татко, или да се претставува како дел од семејство чиј член не е. Некои луѓе тоа го прават заради материјална корист, и во службени документи го фалсификуваат своето потекло. Некои тоа го прават поради омраза кон родителот кој го оставил додека бил мал. Сите овие работи се недозволени,

и негативните последици се големи и многустрани;

како на пример, при стапување во брак, при одредување на лицата со кои бракот не е дозволен, при поделба на наследството и сл.

Во еден автентичен хадис

кој го пренесуват Сад и Ебу Бекрете, радијаллаху анхума, стои:

من ادعى إلى غير أبيه وهو يعلم فالجنة عليه حرام

Џенетот е забранет за тој што вели дека негов татко е некој друг (а не вистинскиот татко).

Сахихул Бухари, види Фетхул Бари 8/45. Секое поигрување со семејното потекло и фалсификување е строго забрането според

исламското право. Некои сопрузи во моменти на жестока расправа со сопругите ги обвинуваат за неморал и се откажуваат од татковството на своите деца кои ги добил додека бил во брак со својата сопруга. Има и такви ситуации кога детето е плод на недозволена врска на сопругата додека била во брак со друго лице, и тоа дете му го припишува на сопругот, иако тој не е таткото. За ваквото дело има силна опомена и жестока казна. Ебу Хурејере, радијал-лаху анху, го пренесува следниов хадис: При објавата на ајетите за меѓусебното проколнување (на сопружниците), го слушнав Божјиот Пратеник, алејхи селам, како вели:

أيُّما امرأةٍ أدخلَت على قومٍ من ليس منهم فليست من الله في شيء ولن يدخلها الله جنته، وأيما رجل جحد ولده وهو ينظر إليه احتجب الله منه وفضحه على رؤوس الأولين والآخرين

Онаа жена што кај еден народ ќе внесе дете кое не е нивно, нема никаква врска со Аллах, и Аллах нема да ја внесе во џенет. Тој маж што го негира своето дете кое го гледа, Аллах ќе постави помеѓу него и Аллах перде и ќе го посрамоти пред првите и последните (на Судниот ден). Ебу Давуд 2/695. Види Мишкатул Месабих бр. 3316.

## Конзумирање на камата:

Аллах во својата Книга не му објавил војна на никој друг, освен на каматарите.

Аллах, субханеху ве теала, вели:

يَا أَيُّهَا الَّذِينَ آمَنُواْ اتَّقُواْ اللّهَ وَذَرُواْ مَا بَقِيَ مِنَ الرِّبَا إِن كُنتُم مُّؤْمِنِينَ فَإِن لَّمْ تَفْعَلُواْ فَأْذَنُواْ بِحَرْبٍ مِّنَ اللّهِ وَرَسُولِهِ

„О, верници, плашете се од Аллах и откажете се од тоа што останало од каматата, ако сте верници. Ако не го сторите тоа, ви се навестува војна од Аллах и од Неговиот Пратеник!“ Ел Бекаре, 278-279. Ова е доволен показател за грдоста на овој грев кај Аллах, субханеху ве теала. Секој што ја анализира каматата, на индивидуално и на општествено ниво, ќе го согледа степенот на уништување и пропаст, кој го причинила каматата; банкрот, економска криза и рецесија, неможност да се вратат долговите, парализа на економијата, раст на процентот на невработеност, пропаѓање на многу компании и фирми, сè она што се заработува дневно се користи да се исплатат ратите на кредитот кои не престануваат, се потенцира класната поделба на општеството преку концентрација на финансиската моќ кај една група. Ова можеби е само дел од војната која Аллах, субханеху ве теала, им ја објави на каматарите. Секој што учествува во каматен процес, без оглед дали се работи за основните

субјекти, за посредниците кои помагаат и олеснуваат, сите се проколнати од Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем. Џабир, радијал-лаху анху, рекол:

لعَنَ رسول الله صلى الله عليه وسلم آكل الربا وموكله وكاتبه وشاهديه، وقال: هم سواء

Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, ги проколнал давателот на каматата и нејзиниот примател, писарот и двата сведока, и додал – сите се еднакви (во гревот). Муслим 3/1219.

Според ова, не е дозволено да се работи како писар при каматна трансакција, не е дозволено нејзиното запишување и потврдување, предавањето и примањето, обезбедувањето и сл. Секое учество и помагање на оваа трансакција, на било кој начин, е забрането.

Божјиот Пратеник, алејхи селам, инсистираше да ја објасни грдоста на овој голем грев. Во хадисот кој го пренесува Абдулах ибн Месуд, радијал-лаху анху, тој рекол:

الربا ثلاثة وسبعون بابا أيسرها مثل أن ينكح الرجل أمه، وإن أربى الربا عرض الرجل المسلم

Каматата има седумдесет и три врати, најлесната форма (во грев) е еднаква на сексуален однос со сопствената мајка. Најгрешната форма на камата е да посегнеш по честа на муслиман. Хаким во Мустедрек бр. 37 и

во Сахихул Џами' бр. 3533. Во друг хадис кој го пренесува Абдулах ибн Ханзале, радијаллаху анху, стои:

دِرهم ربا يأكله الرجل وهو يعلم أشد من ستة وثلاثين زنية

Еден дирхем камата, со кој ќе се нахрани човек знаејќи, е поголем грев од триесет и шест блуда. Ахмед 5/225 и Сахихул Џами' бр. 3375. Каматата е апсолутно забранета и по тоа прашање нема разлика помеѓу некого што е сиромав или богат, како што мислат некои луѓе. Таа е забранета за секое лице и во секоја ситуација. Во секојдневието имаме многу примери за големи трговци кои поради каматата банкротирале, и можеби најмалата негативна последица поврзана со каматата е што во тие пари колку и да се многубројни, нема бериќет. Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, вели:

الربا وإن كثَّر فإن عاقبته تصيرُ إلى قِلّ

Каматата, иако е многубројна, на крајот завршува со немаштија. Хаким 2/37 и Сахихул Џами' бр. 3542. Завршува со немаштија-сиромаштво.

Каматата не е определена со поголем или со помал процент, со голема или со мала сума, сите тие форми се забранети.

Каматарот на Судниот ден од својот гроб ќе биде проживеан како тој кого допирот на шејтанот го избезумил.

Иако се работи за голем грев, Аллах со својата сомилост зборува за покајанието и како треба да се покае каматарот. Тој во врска со ова во Куранот вели:

فإن تبتم فلكم رؤوس أموالكم لا تظلمون ولا تظلمون

„А ако се покаете, ви припаѓаат главнините од имотите

ваши; ниту некого ќе оштетите, ниту ќе бидете оштетени.“ Ова е врв на праведноста. Верникот треба да се дистанцира од овој голем грев и секогаш да е свесен за неговата грдост, па дури и тие што се принудени своите пари да ги депонираат во банка, затоа што се плашат дека ќе ги загубат или дека ќе им бидат украдени, треба да се чувствуваат како принудени, како некој кој е принуден да јаде мрша затоа што животот му е во опасност. Тие се должни да бараат прошка од Аллах и да се потрудат да најдат дозволена алтернатива, доколку има. Не им е дозволено да ја бараат каматната стапка да им се впише на нивното салдо – доколку тоа се случи тие се обврзани да се ослободат од незаконски стекнатите средства на начин кој е верски дозволен. Аллах е добар и го прифаќа само она што е добро (дозволено, халал). Не е

дозволено таа камата да се користи за храна, пијалоци, облека, автомобил, стан, ниту, пак, да се користи за финансиската обврска која човек ја има кон сопругата, децата, таткото, мајката... Не е дозволено да се даде како зекат, со неа да се платат даноците, ниту, пак, да спречи неправда кон себеси – тој треба да се ослободи од тие пари плашејќи се од Аллаховата казна.

## Сокривање на недостатоци на стоката при нејзина продажба:

مرَّ رسول الله صلى الله عليه وسلم على صبرة طعام، فأدخلَ يدَه فيها فنالَت أصابعه بللًا، فقال: ما هذا يا صاحب الطعام ؟ قال: أصابته السماء يا رسول الله قال أفلا جعلته فوق الطعام كي يراه الناس ؟ من غش فليس منا

Божјиот пратеник помина покрај сад во кој имаше храна, ја стави раката во внатрешноста на садот и почувствува влажност. Праша кој е сопственикот на оваа храна? Сопственикот рече: „Се навлажи од дождот Божји Пратенику". „Зошто тогаш не ја ставиш на врвот за да ја видат луѓето? Кој мами не е наш".

Муслим 1/99. Многу продавачи во денешно време немаат страв од Аллах и се обидуваат да ги сокријат недостатоците на стоката ставајќи налепница преку нив, ја ставаат на места каде не може да се види, користат хемиски препарати и слично, за да истата изгледа убаво. Се обидуваат да го заглушат звукот на моторот кој има дефект, за да не се забележи, и истиот

автомобил по кратко време ќе престане да работи. Се менува и датумот на рокот на траење на стоката, се спречува купувачот да ја види стоката, да ја испита и да ја проба. Многу продавачи на автомобили и машини не ги појаснуваат недостатоците на стоката и ова е харам. Божјиот Пратеник, алејхи селам, рекол:

المسلم أخو المسلم و لا يحل لمسلم باع من أخيه بيعا فيه عيب إلا بينه له

Муслиманот е брат на муслиманот, не е дозволено муслиманот на својот брат да му продаде стока која има недостаток кој не е укажан. Ибн Маџе 2/754 и Сахихул Џами' бр. 6705. Има и такви кои мислат дека се ослободени од одговорност ако на отворено наддавање речат „Продавам куп железо, продавам куп железо“. Во оваа купопродажба нема бериќет, како што се вели во еден друг хадис: И купувачот и продавачот имаат избор сè додека не се разделат, доколку се искрени и укажат (на можен недостаток) ќе имаат бериќет во купопродажбата, доколку лажат и премолчуваат ќе нема бериќет во нивната купопродажба. Бухари, види Ел Фетх 4/328.

## Неџеш (една форма на купопродажба):

Во оваа форма некој што нема намера да купи некоја стока ја подигнува нејзината цена за да влијае врз купувачот што ќе ја купи по повисока

цена. Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, вели:

لا تناجَشوا

Не подигнувајте ја цената на стоката која немате намера да ја купите. Бухари, види Фетхул Бари 10/484. Ова е еден вид на измама и во тоа нема сомнеж.

Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, рекол:

المكر والخديعة في النار

Залажувањето и измамата се во оган.

Силсилетул Ехадис Ес Сахиха бр. 1057. Многу лица на авто пазарите и на местата за јавно наддавање, заработуваат на недозволен начин преку забранети работи кои ги прават: Се договараат да ја подигнат цената не некој автомобил

и да ја намалат цената на друг кој доаѓа на пазар за да продава.

Ги помагаат своите ортаци во измама преку фиктивно подигнување на цената, а на другите им нанесуваат штета преку намалување на цената на стоката.

## Купопродажбата по вториот повик (езан) на џума намаз:

Аллах, субханеху ве теала, вели:

يَا أَيُّهَا الَّذِينَ آمَنُوا إِذَا نُودِي لِلصَّلَاةِ مِن يَوْمِ الْجُمُعَةِ فَاسْعَوْا إِلَى ذِكْرِ اللَّهِ وَذَرُوا الْبَيْعَ ذَلِكُمْ خَيْرٌ لَّكُمْ إِن كُنتُمْ تَعْلَمُونَ

„О, верници, кога во петок на намаз ќе се повика, побрзајте кон

спомнувањето на Аллах, и купопродажбата оставете ја, тоа ви е

подобро, да знаете!“ Ел Џума, 9. Некои продавачи продолжуваат со продажба дури и по вториот езан за џума, во дуќаните или кога продаваат пред џамиите, грешни се и тие кои им помагаат во овој грев, кои купуваат од нив, па макар и мисвак. Оваа купопродажба, според најисправното мислење, е неважечка. Има сопственици на ресторани, фурни и фабрики кои ги принудуваат своите вработени да работат и во време на џума намазот. Таквите можеби го зголемуваат својот профит во пари, но, во основа, тие само ја зголемуваат својата вистинска загуба. Вработениот е должен да го спроведе во пракса хадисот во кој се вели:

لا طاعة لبشر في معصية الله

Не му се покорувај на човек во грев кон Аллах. Ахмед 1/129 Ахмед Шакир го оценува како Сахих бр. 1065.

## Комарот (хазардните игри) и коцката:

Аллах, субханеху ве теала, вели:

يَا أَيُّهَا الَّذِينَ آمَنُواْ إِنَّمَا الْخَمْرُ وَالْمَيْسِرُ وَالأَنصَابُ وَالأَزْلاَمُ رِجْسٌ مِّنْ عَمَلِ الشَّيْطَانِ فَاجْتَنِبُوهُ لَعَلَّكُمْ تُفْلِحُونَ

„О, верници, виното, коцката, идолите и стреличките за гатање
се одвратни нешта, шејтаново дело; затоа избегнувајте ги, за да
постигнете што сакате.“
Ел Маиде, 90.

И во предисламскиот период коцката беше позната,
и една од најпознатите форми била таа во која
десеторица имаат еднаков удел во една камила,
потоа ги фрлаат стрелите кои имале функција на коцки, и на седуммина, според стреличките, им се дава одреден дел од камилата а тројца не добиваат ништо. Во наше време коцката има различни форми: Лотариите во различни форми како, купување на ливчиња со бројки кои се подложни на извлекување,
првоизвлечениот добива главна награда, второизвлечениот помала и така според определените награди.

Прописот за оваа лотарија е дека е харам, па дури и ако е во хуманитарни цели. Купување на производи кои во внатрешноста имаат награда, или број кој се добива при купување на одредена стока кој понатаму ќе учествува во извлекување за одредување на победниците и за поделба на наградите.

Форми на современа коцка се:

Сите видови на трговско осигурување, како животното осигурување, осигурувањето на автомобил, стока, осигурување од пожар, каско осигурување и другите форми на осигурување.

Има и пеачи кои имаат полиса за осигурување на нивните гласови.

Ова се форми на хазардни игри и во сите нив има елементи на коцка. Зелените маси за покер, рулет и слично исто така спаѓаат во оваа група на хазардни игри, како и обложувањата за спортски напревари како фудбал, трки на коњи и слично, сите тие се форми на коцкање. Во многу туристички места има и гејминг центри кои имаат и игри во кои има елементи на игри на среќа - коцкање, како Флипперс центрите.

Забранета коцка се смета

и натпреварот за награда која ја собираат двата или повеќето учесници во натпреварот, и ова е ставот на многу исламски правници.

## Кражбата:

Аллах, субханеху ве теала, вели:

وَالسَّارِقُ وَالسَّارِقَةُ فَاقْطَعُواْ أَيْدِيَهُمَا جَزَاء بِمَا كَسَبَا نَكَالاً مِّنَ اللّهِ وَاللّهُ عَزِيزٌ حَكِيمٌ

„На крадецот и на крадачката отсечете им ги рацете нивни, тоа нека

им биде казна за тоа што го сториле и опомена од Аллах! А Аллах е

Силниот и Мудриот!“ Ел Маида, 38.

Во најлошите форми на кражби спаѓаат, кражбите од хаџиите и посетителите на Древната куќа (Каба). Таквите воопшто не се грижат за големината на гревот во светите места ниту, пак, размислуваат за нивната светост.

Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, при случката со помрачувањето на месечината, рекол:

لقد جِيء بالنار وذلكم حين رأيتموني تأخَّرتُ مخافةَ أن يُصيبني من لفحها، وحتى رأيت فيها صاحب المحجن يجر قصبه [أمعاءه] في النار، كان يسرق الحاج بمحجنه [عصا معقوفة الطرف] فإن فطن له قال: إنما تعلق بمحجني، وإن غفل عنه ذهب به

Тогаш ми го покажаа пеколот, во моментот кога јас се повлеков наназад, бидејќи се плашев да не ме изгори неговиот пламен. Во него го видов сопственикот на стапот со закривен врв како ги влече своите црева во пеколниот оган. Тој крадеше од хаџиите со својот стап, закачувајќи ги со закривениот врв. Доколку не забележеа, ќе си заминеше.

Муслим бр. 904. Во најлошите форми на кражба спаѓа крадењето на јавниот имот, кои некои го оправдуваат со зборовите, крадеме како што крадат и другите. Тие не се свесни дека крадат од имотот на сите муслимани, затоа што јавниот имот е сопственост на сите. Фактот што и другите, не плашејќи се од Аллах, краделе

не го оправдува нивното слепо следење. Има и такви што крадат од немуслиманите и се оправдуваат дека се работи за сопственост на немуслиман, и ваквото оправдување не е прифатливо. Немуслиманите чијшто имот е дозволено да се земе се оние кои се во војна со муслиманите. Во оваа категорија не влегуваат сите компании на немуслиманите и поединците.

Форми на кражби:

Крадење од џеповите на луѓето скришум, влегување во туѓи куќи како посетител и извршување на кражба, крадење од чантите на посетителите, кражби во дуќани и трговски центри преку криење на стоката во џеповите и под облеката. Некои жени тоа го кријат под нивната облека. Според некои кражбата на помалку вредни и евтини нешта не е голема работа. Божјиот пратеник, сал-лаллаху алејхи ве селем, рекол:

لعن الله السارق يسرق البيضة فتقطع يده ويسرق الحبل فتقطع يده

Аллах го проколнал крадецот, кој ќе украде јајце – ќе му се исече раката или ќе украде јаже – ќе му се исече раката. Бухари види Фетхул Бари 12/81. Тој што украл, украденото треба да му го врати на сопственикот, откако ќе се покае пред Аллах за тоа што го направил. Враќањето на украденото може да биде јавно или тајно,

лично или со посредник; Доколку по вложениот труд барајќи го сопственикот или неговите наследници, не може да ги најде, тогаш нека го подели како милостина во име на сопственикот.

## Давање и примање на мито:

Подмитувањето на судија за да погази право или да пресуди неправедно е злосторство; Со тоа тој го руши правото и правдината, прави неправда и е причина за корупција во општеството. Аллах, субханеху ве теала, вели:

وَلاَ تَأْكُلُواْ أَمْوَالَكُم بَيْنَكُم بِالْبَاطِلِ وَتُدْلُواْ بِهَا إِلَى الْحُكَّامِ لِتَأْكُلُواْ فَرِيقًا مِّنْ أَمْوَالِ النَّاسِ بِالإِثْمِ وَأَنتُمْ تَعْلَمُونَ

„Не трошете го имотот едни на други на нечесен начин, давајќи им дел на судиите за на грешен начин и свесно, дел од имотот на луѓето да си присвоите." Ел Бекаре, 188. Ебу Хурејре, радијал-лаху анху, го пренесува следниов хадис:

لعن الله الراشي والمرتشي في الحكم

Аллах го проколнал давателот и примателот на мито во власта. Ахмед 2/387 и Сахихул Џами' бр. 5069. Оваа казна не се однесува на тој што не може да го реализира своето право, ниту може да се заштити од неправда, освен преку мито. Митото во наше време е толку распространето што истото е извор на огромни суми личен профит за одредени функционери; Преку мито, кој поинаку се именува, се полнат и буџети на компании, и многу процедури не можат да се

започнат ниту завршуваат без мито. Најмногу штета имаат сиромашните, а и многу права се одземени. Многу вработени почнаа да им наштетуваат и на работодавачите,

нема добра услуга за тој што нема да плати, лош однос кон тој што нема да подмачка, се запоставува или се доцни со неговиот предмет. Тие што ќе дадат мито иако задоцниле нивната работа веднаш се завршува.

Преку мито, многу пари кои му припаѓаат на работодавачот завршуваат во џеповите на одговорните за купопродажба, па затоа не е чудно, Божјиот Пратеник да упати дова до Аллах, сите учесници и ортаци во ова злосторство, Аллах да ги оддалечи од Неговата милост. Абдуллах ибн Амр, радијал-лаху анху, вели: Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, рекол:

لعنة الله على الراشي والمرتشي

Аллаховото проклетство нека е врз тој што дава и прима мито. Ибн Маџе бр. 2313 и Сахихул Џами' бр. 5114.

## Узурпација на туѓо земјиште:

Кој нема страв од Бога, ја користи силата и измамата за да направи неправда; Таква неправда е и присвојувањето на сопственоста на други луѓе, како узурпацијата на туѓо земјиште. Казната за такво дело е навистина

жестока. Абдулах ибн Омер, радијал-лаху анхума, го пренесува следниов хадис:

من أخذ من الأرض شيئا بغير حقه خسف به يوم القيامة إلى سبع أرضين

Кој бесправно ќе присвои дел од земја на Судниот ден ќе биде проголтан во длабочината на седум ката под земја. Бухари, види Ел Фетх 5/103. Ја'ла ибн Муре, радијал-лаху анху, го пренесува и овој хадис:

أيما رجل ظلم شبرًا من الأرض كلفه الله أن يحفره (في الطبراني: يحضره) حتى آخر سبع أرضين ثم يطوقه يوم القيامة حتى يقضى بين الناس

Кој неправедно ќе присвои педа на земја, Аллах ќе го обврзе да ја ископа (кај Таберани да ја донесе) до последното ниво од седумте ката на земја, потоа со неа ќе го обвитка на Судниот ден сè додека не се пресуди помеѓу луѓето. Ет Таберани во Ел Кебир 22/270 и Сахихул Џами' бр. 2719. Тука спаѓа и менувањето на меѓите и границите на земјата на штета на соседот. На тоа укажува хадисот во кој се вели:

لعن الله من غير منار الأرض

Аллах го проколнал тој што ги менува знаците (меѓите) на земјата. Муслим со коментар на Невеви 13/141.

## Примање на подарок за посредување:

Престижот и почитта на луѓето се Аллахови благодети за кои треба да сме му благодарни на Аллах, и начинот на искажување на таа

благодарност е истите да ги користиме за добробит на муслиманите. На ова укажува хадисот во кој се вели:

من استطاع منكم أن ينفع أخاه فليفعل

Кој може да му биде од корист на неговиот брат, нека го направи тоа. Муслим 4/1726. Секој што искрено ќе го искористи својот престиж за да спречи неправда кон неговиот брат муслиман, или ќе му биде од корист, и при тоа нема да направи нешто што е недозволено ниту, пак, ќе одземе нечие право, ќе биде награден од Аллах, аз-зе ве џел-ле. За ова Божјиот Пратеник, алејхи селам, вели:

اشفعوا تؤجروا

Посредувајте, ќе бидете наградени. Ебу Давуд 5132, хадисот е запишан и во двата Сахиха, Фетхул Бари 10/450, Китабул Едеб, Бабу Теавунил Муминине бе'адухум б'ада. За ова заземање и посредување не е дозволено да се земе надомест. Доказ е хадисот кој го пренесува Ебу Умаме, радијал-лаху анху, во кој се вели: Оној што посредувал за некого, па му бил даден подарок за тоа посредување, доколку го прими, влегол на голема врата од вратите на каматата. Ахмед 5/261 и Сахихул Џами' бр. 6292. Има и такви што за одреден надоместок посредуваат со својот престиж при вработување, при трансфер од едно на друго работно место, од

еден во друг реон, при лекување и сл. Според најисправното мислење на исламските правници, овој надоместок е харам. Тоа го потврдува гореспоменатиот хадис на Ебу Умаме. Според него не е дозволен и подарокот кој претходно не бил условен. Ова го слушнав директно од шејх Ибн Баз, рахимехул-лах.

Аллах ќе го награди на Судниот ден според направената добрина .

Еден човек дојде кај Ел Хасен ибн Сехл со барање да посредува за една работа, и истата му ја заврши, потоа човекот дојде и почна да му се заблагодарува. Ел Хасен ибн Сехл му одговори: За што ми се заблагодаруваш, ние сметаме дека и за престижот има зекат кој треба да го дадеме, како што даваме зекат и за парите кои ги поседуваме. Ел Адаб Еш Шер'ије на Ибн Муфлих 2/176.

Би сакал и да додадам:

Има разлика помеѓу лицето кое е ангажирано да заврши некоја процедура, да ја следи и да ги превзема неопходните дејства за да се заврши за одреден надомесоток и лицето кое го користи својот углед за да посредува и за тоа зема надомест. Второво е забрането.

## Неисплатување на работник кој ја завршил работата:

Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, нѐ поттикнал да бидеме брзи при исплаќање на ангажираниот работник:

أعطوا الأجير أجره قبل أن يجف عرقه

Исплатете го работникот пред да се исуши неговата пот. Ибн Маџе 2/817 и Сахихул Џами' бр. 1493. Една од неправдите кои се случуваат во нашите општества е неисплаќањето на платите кои им следуваат на работниците и вработените. Оваа неправда има бројни форми: Работодавачот целосно го негира правото на работникот кој нема доказ, и доколку на овој свет не го земе своето право, тој нема да го загуби тоа право на Судниот ден. Неправедниот на Судниот ден ќе му ги дава добрите дела на тој на кого му била направена неправда, кога ќе се потрошат добрите дела, тогаш гревовите на тој на кого му е направена неправда ќе му се дадат на неправедниот и потоа ќе биде фрлен во пеколниот оган. Да не го исплати бесправно комплетниот износ кој му го должи на работникот, Аллах, субханеху ве теала вели:

ويل للمطففين

„Тешко им на тие што не мерат чесно," Ел Мутаффифин, 1.

Има и примери:

Кога работодавачите ќе ангажираат работници од странство со договор на дело за одредена плата, па кога ќе почнат да работат ги менуваат договорите за помала плата,

а овие се принудени да останат, бидејќи не можат да го потврдат своето право, и му се жалат на Аллах за нивната состојба.

Доколку работодавачот е муслиман а работникот немуслиман, во оваа неправда има и оддалечување на луѓето од Аллаховата вера, и товарот на тој грев ќе го носи тој што прави неправда.

Да му додаде работи кои не се спомнати во описот на работното место, да му го продолжи работното време, без да го исплати за додатната работа.

Да го одолговлекува исплаќањето и да го исплати дури по долг период на побарување, жалба, парничење, можеби целта на одолговлекувањето е работникот да се измори и да се откаже од побарувањето на неговата надница. Има и такви што платите ги инвестираат за да профитираат преку нив. Се случува и тие пари да бидат дадени со камата, а работниците можеби немаат што да јадат, ниту, пак, имаат можност да им испратат пари на своите семејства доколку работат во странство. Тешко на тие што ги прават овие неправди од болната казна на Судниот ден. Ебу Хурејре,

радијал-лаху анху, пренесува, Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, рекол:

قال الله تعالى: ثلاثة أنا خصمهم يوم القيامة رجل أعطى بي ثم غدر ورجل باع حرا وأكل ثمنه ورجل استأجر أجيرا فاستوفى منه ولم يعطه أجره

Аллах, субханеху ве теала, вели: На тројца ќе им бидам непријател на Судниот ден, на тој кој во Мое име му се заветувал на некого па го измамил, на тој што како роб ќе продаде слободен човек и ќе ја изеде заработката и на тој што ќе ангажира работник кој ќе му ја заврши работата, а овој нема да му ја даде платата. Бухари, види Фетхул Бари, 4/447.

## Неправедност во подароците кон своите деца:

Се случува некои луѓе да им даваат на некои нивни деца подароци а од истите да ги лишат другите деца, и ова дело е забрането според исламските правници доколку за истото нема верски прифатливо оправдување, како на пример кога одредено дете има посебни потреби заради болест, долг и сл., или кога сакаме да наградиме некого кој го научил Куранот напамет. или доколку е без работа, или има големо семејство, или се посветил на студирање и сл.

Родителот е должен при давањето на подарок на едно дете заради верски оправдана причина, да има намера истото да го направи и

со другите деца доколку и кај нив постоеше иста ситуација.

Доказ е ајетот:

اعدلوا هو أقرب للتقوى واتقوا الله

„Праведни бидете, тоа е најблиску до богобојазливоста, и плашете се од Аллах...“ Посебен доказ е хадисот кој го пренесува Нуман ибн Бешир, радијал-лаху анхума, во кој тој вели

أن أباه أتَى به إلى رسول الله صلى الله عليه وسلم، فقال: إني نَحَلتُ ابني هذا غلامًا - أي: وهَبتُه عبدًا كان عندي -، فقال رسول الله صلى الله عليه وسلم: أكُلَّ ولدك نحَلتَه مثله؟ فقال: لا، فقال رسول الله صلى الله عليه وسلم: فأرجِعه

дека неговиот татко го довел кај Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, и му рекол: На овој мој син му подарив роб кој го поседував. Божјиот Пратеник, сал-лаллаху алејхи ве селем, го праша дали истото им го подари и на другите деца? Не, одговори таткото. Тогаш врати го подарокот, рекол Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем. Бухари, види Ел Фетх 5/211. Во друго предание се вели дека Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, рекол:

فاتقوا الله واعدِلوا بين أولادكم. قال: فرجعَ فرَدَّ عطيَّتَه.

Бидете богобојазливи и праведни меѓу вашите деца. Се врати и го врати подареното. Ел Фетх 5/211. Во друго предание тој додал:

فلا تُشهِدني إذًا، فإني لا أشهَد على جَورٍ

Не земајте ме за сведок затоа што јас не сведочам за неправда. Сахих Муслим 3/1243. На машките им следува колку што е делот на две женски деца, како при распределба на наследството. Ова е став на имам Ахмед, рахимехул-лах. Месаил Ел Имам Ахмед ли Еби Давуд стр.204. Ова прашање во коментарот на спомнатата книга многу јасно го објаснил Ибн Кајим, рахимехул-лах. Тој што со внимание ја следи состојбата во денешно време ќе забележи дека многу татковци во своите семејства не се праведни по ова прашање. На овој начин тие се причина за непријателства помеѓу децата и за меѓусебна омраза. Има и трагични ситуации кога на едно дете му се дава затоа што личи на чичковците, а на друго не му се дава затоа што личи на вујковците. Посебен статус имаат децата од една сопруга на кои им се даваат бројни дарови, додека децата од друга сопруга се запоставуваат, некои се праќаат во приватни школи а други во јавни. Ваквиот однос ќе му се врати на родителот затоа што запоставениот во најголем број случаи не е доброчинител кон родителот. Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, на тој што различно ги третира своите деца, му рекол:

أليس يسُرُّك أن يكونوا إليك في البرِّ سواء؟

Зарем не те радува да бидат еднакви во нивното доброчинство кон тебе?

Ахмед 4/269 и Сахих Муслим бр.1623.

## Да бараш од луѓето иако немаш потреба:

Сехл ибн Ханзале, радијал-лаху анху, вели: Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, рекол:

من سأل وعنده ما يُغنِيه فإنما يستكثر من جمر جهنم، قالوا: وما الغنى الذي لا تنبغي معه المسألة؟ قال: قدر ما يُغدّيه ويُعشّيه.

Тој што проси, а го поседува она што му е потребно, ја зголемува жарта на пеколот. Го прашаа што треба да поседува за да не смее да питачи? „Онолку колку му треба за ручек и за вечера". Ебу Давуд 2/281 и Сахихул Џами' бр. 6280. Ибн Месуд, радијал-лаху анху, пренесува, Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, рекол:

من سألَ وله ما يُغنِيه جاءت يوم القيامة خُدوشًا أو كُدوشًا في وجهه

Тој што проси, а го поседува она што му е доволно, на Судниот ден ќе дојде со изгребано лице.

Ахмед 1/388, види Сахихул Џами' бр. 6255. Познат е феноменот кога некои просјаци по намазот ќе станат во џамиите и со своето питачење им го прекинуваат величањето на Аллах на тие што клањаат. Некои од нив лажат, фалсификуваат документи, измислуваат приказни, и со сите членови на семејството се

распоредуваат по џамиите за да просат. Некои од нив имаат богатство кое го знае само Аллах, и по нивната смрт се дознава за нивната оставина. Вистинските сиромаси, кои имаат потреба, честопати се непознати заради нивната воздржаност и затоа што не просат. Многумина не ги знаат и не им помагаат.

## Барање на заем со намера да не го врати:

Правата на луѓето кај Аллах, се навистина големи, можеби за некое Аллахово право е доволно покајание, но тогаш кога ќе го погазиме правото на другите луѓе, неизбежно е да го поправиме тоа пред да дојде Денот кога ниедна валута нема да се прими за раздолжување. На тој ден се раздолжува со добрите и лошите дела. Аллах, субханеху ве теала, вели:

إن الله يأمركم أن تؤدوا الأمانات إلى أهلها

„Аллах ви наредува доверливите работи да им ги давате на тие што
се достојни за нив...“ Ен Ниса, 58.

Еден распространет феномен во современите општества е леснотијата при задолжувањето.

Некои луѓе се задолжуваат не заради итна потреба, туку за луксуз и натпреварување со другите, за реновирање на станот, мебелот, за нов автомобил, и други работи кои не се

елементарна потреба. Други, пак, влегуваат во лавиринтите на купување на рати кои во најголем број случаи се или харам или имаат нејасни и сомнителни елементи. Лесното задолжување резултира со одложување на враќањето на долгот, и со тоа им се нанесува штета на имотите на другите и нивна загуба. Со хадис Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, укажа на опасните последици на ова дело:

من أخذ أموال الناس يريد أداءها أدى الله عنه ومن أخذ يريد إتلافها أتلفه الله

Тој што ги зема парите на други луѓе со намера да ги врати, Аллах ќе ги врати (ќе му помогне).Тој што ги зема со намера да ги уништи, Аллах него ќе го уништи. Бухари, Фетхул Бари 5/54. Многумина со леснотија го земаат заемот, иако истото кај Аллах се смета за голема работа. Шехидот кој има многу почести, голема награда, висок степен, нема да се спаси од последиците на долгот. Доказ се зборовите на Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем:

سبحان الله! ماذا أنزل الله من التشديد في الدَّين؟! والذي نفسي بيده؛ لو أن رجلًا قُتِل في سبيل الله ثم أُحيِيَ، ثم قُتِل ثم أُحيِيَ، ثم قُتِل وعليه دَين، ما دخل الجنةَ حتى يُقضَى عنه دَينُه

Нека е славен Аллах! Аллах, во оваа вера, не објавил ништо што е потешкотија. Се колнам во Бога во чија рака е мојата душа, доколку некој

загине на Аллаховито пат, па биде проживен, па повторно загине на Аллаховито пат, и повторно биде проживеан, доколку е задолжен нема да влезе во џенет, додека не се врати неговиот долг. Ен Несаи види Ел Муџтеба 7/314 и Сахихул Џами' бр. 3594.

Дали по оваа опомена ќе се освестат невнимателните?!

## Исхрана со харам:

Тој што не се плаши од Бога, не внимава дали тоа што го заработил или го потрошил е халал или харам. Го интересира само зголемувањето на неговото конто, без да размислува дали е недозволено или харам, дали е украдено или се работи за мито. Не се плаши од узурпација и фалсификат, од продажба на недозволено и камата, од злоупотреба на имотот на сирак, од платата за недозволени професии како гатање, блуд, музика, од присвојување на јавниот фонд и јавниот имот, изнудување, задолжување без потреба и сл. Со тие пари тој се храни, облекува, купува автомобил, гради куќа, изнајмува стан, го опремува со мебел, недозволеното го внесува во неговиот стомак. Божјиот пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, рекол:

كل لحم نبت من سحت فالنار أولى به

Секое месо кое израснало со харам е најблиску до пеколниот оган.

Ет Таберани во Ел Кебир 19/136 и Сахихул Џами' бр. 4495.

На Судниот ден ќе бидеме прашани како го заработивме и како го трошевме имотот. Тогаш ќе има каеење и голема загуба.

Секој што поседува недозволен (харам) имот нека побрза да се ослободи од него, доколку е туѓ имот нека му го врати на сопственикот барајќи прошка, пред да дојде денот кога нема раздолжување со пари, туку со добрите и лошите дела.

## Конзумирање на алкохол, па дури и една капка:

Аллах, субханеху ве теала, вели:

إِنَّمَا الْخَمْرُ وَالْمَيْسِرُ وَالأَنصَابُ وَالأَزْلاَمُ رِجْسٌ مِّنْ عَمَلِ الشَّيْطَانِ فَاجْتَنِبُوهُ لَعَلَّكُمْ تُفْلِحُونَ

„О, верници, виното, коцката, идолите и стреличките за гатање

се одвратни нешта, шејтаново дело; затоа избегнувајте ги, за да

постигнете што сакате.“ Ел Маиде, 90. Наредбата за избегнување на најсилен можен начин укажува на забраната на алкохолот. Алкохолот е спомнат заедно со идолите кои се божества и кипови на неверниците. Нема доказ тој што вели Аллах не рекол дека е харам, туку рекол да го избегнуваме. За казната за ова дело

зборува следниот хадис, кој го пренесува Џабир, радијал-лаху анху:

إن على الله عز وجل عهدا لمن يشرب المسكر أن يسقيه من طينة الخبال. قالوا: يا رسول الله! وما طينة الخبال ؟ قال: عرق أهل النار أو عصارة أهل النار

Аллах се заветувал дека тој што пиел алкохол ќе го напои со Тинетул Хабал. Го прашаа: „Што е Тинетул Хабал, Божји пратенику?“ Одговори: „Потта на џехенемлиите и она што се цеди од нив“. Муслим 3/1587. Ибн Абас, радијал-лаху анхума, го пренесува следниов хадис: Тој што ќе умре како зависник од алкохол на Судниот ден ќе се сретне со Аллах како обожувач на идол. Ет Таберани 12/45 и Сахихул Џами' бр. 6525. Во ова време постојат многу различни видови на алкохол и опојни пијалоци, со различни арапски и неарапски имиња: пиво, вино, ракија, водка, виски, шампањ и сл. Се појавија во овој умет и тие што ги опишал Божјиот Пратеник, алејхи селам, со зборовите:

ليشربن ناس من أمتي الخمر يسمونها بغير اسمها

Луѓе од мојот умет ќе пијат алкохол и истиот ќе го нарекуваат со други имиња. Ахмед 5/342 и Сахихул Џами' бр. 5453. Истите ги именуваат како пијалоци за душа наместо алкохол, со цел да измамат и да маскираат.

يخادعون الله والذين آمنوا وما يخدعون إلا أنفسهم وما يشعرون

„Тие мислат дека ги мамат Аллах и тие што веруваат, иако, не

чувствувајќи го тоа, самите себеси се мамат.“ Исламското право поставило правило и одлучувачки критериум за да се стави крај на поигрувањето и мамењето во врска со алкохолот. Тој критериум е спомнат во следниов хадис:

كل مسكر خمر، وكل مسكر حرام

Сè што опива е вино (алкохол) и сè што опива е забрането (харам). Муслим 3/1587. Сè што влијае врз разумот и го опива е харам, во мали и големи количини, како што е потврдено во следниов хадис:

ما أسكر كثيره فقليله حرام

Тоа што опива во големи количини и во мали количини е харам. Ебу Давуд бр.3681 и Сахих Ебу Давуд бр. 3128. Колку и да има различни имиња, суштината е една, и верскиот пропис е еден. На крајот, еве еден совет од Божјиот пратеник, алејхи салату ве селам, во врска со алкохолот, во кој тој вели:

من شرب الخمر وسكر لم تقبل له صلاة أربعين صباحا وإن مات دخل النار فإن تاب تاب الله عليه وإن عاد فشرب فسكر لم تقبل له صلاة أربعين صباحا فإن مات دخل النار فإن تاب تاب الله عليه وإن عاد فشرب فسكر لم تقبل له صلاة أربعين صباحا فإن مات دخل النار فإن تاب تاب الله عليه وإن عاد كان حقا على الله أن يسقيه من ردغة الخبال يوم القيامة قالوا: يا رسول الله وما ردغة الخبال قال: عصارة أهل النار.

„Кој ќе се опие со алкохол, нема да му се прими намазот четириесет утра и ако умре ќе влезе во

Оганот, а ако се покае Аллах ќе го прими неговото покајание. Доколку повторно се опие со алкохол, нема да му се прими намазот четириесет утра и ако умре ќе влезе во Оганот, а ако се покае Аллах ќе го прими неговото покајание. Па ако повторно се опие со алкохол, нема да му се прими намазот четириесет утра и ако умре ќе влезе во Оганот, а ако се покае Аллах ќе го прими неговото покајание. Доколку го повтори Аллах со право ќе го напои со Редгатул хабал." Го прашаа: „Што е Редгатул хабал?" „Исцеденото од џехенемлиите", одговори тој. Ибн Маџе бр. 3377 и Сахихул Џами' бр. 6313.

## Користење на златни и сребрени садови за јадење и пиење

Речиси и да нема дуќан кој во понудата на садови нема златни и сребрени садови, или во најмала рака позлатени и посребрени. Таквите садови ги среќаваме во куќите на богатите и во луксузните хотели. Овој вид на садови станаа и престижни подароци кои луѓето меѓусебно си ги подаруваат при различни пригоди. Некои луѓе не ги користат во своите домови, но истите ги користат при различни поводи во туѓи куќи. Сите овие работи според исламскиот верозакон се сметаат за забранети. Од Божјиот Пратеник, алејхи селам, се пренесува тешка опомена за

користењето на овој вид садови. Уму Селеме, радијал-лаху анха, го пренесува следниов хадис: Тој што јаде и пие од сребрени и златни садови, во неговиот стомак клокоти пеколниот оган. Муслим, 3/1643.

Овој пропис важи за сѐ она што се користи при јадење и ги опфаќа чиниите, виљушките, лажиците, ножевите, послужавниците, кутиите за десерт при свадби и слични пригоди.

Некои луѓе велат: „Ние не ги користиме за јадење туку како украс зад стаклата на нашите ормари“ и слично. И оваа употреба не е дозволена, како превентива.

[Ова го имам слушнато директно од исламскиот зналец Абдул Азиз ибн Баз, Аллаховата милост нека е над него]

## Лажно сведочење

Аллах, субханеху ве теала, вели:

فَاجْتَنِبُوا الرِّجْسَ مِنَ الْأَوْثَانِ وَاجْتَنِبُوا قَوْلَ الزُّورِ

„...па чувајте се од валканоста на киповите и чувајте се од лажниот говор!“ Ел Хаџџ, 30. Абдурахман ибн Ебу Бекрете, радијал-лаху анхума, од неговиот татко го пренесува следниов хадис: Бевме кај Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, кога тој рече:

ألا أنبئكم بأكبر الكبائر (ثلاثًا): الإشراك بالله وعقوق الوالدين ـ وجلس وكان متكئا ـ فقال: ألا وقول الزور. قال: فما زال يكررها حتى قلنا: ليته سكت

Дали сакате да ве информирам за најголемите големи гревови (3 пати): припишување придружник на Аллах, непослушност кон родителите и беше потпрен па седна и рече: и лажно сведоштво. Тоа го повторуваше толку сè додека рековме: би сакале да замолчи. Бухари, види Фетх 5/261. Повторувањето на зборовите за кривиот говор и лажното сведочење, тука има цел да ги опомене луѓето кои кон овој грев се однесуваат несериозно. Истиот е причина за завист, непријателства и други форми на нанесување на штета. Колку права се загубени заради лажно сведочење? Колку невини се изложени на неправда заради лажно и криво сведочење? Колку луѓе, преку тоа, го присвоиле она што не е нивно и добиле удели кои не им следуваат? Некои премногу лесно нудат да бидат сведоци за сопственост на земја, куќа, сведочат дека се работи за добра личност следејќи го принципот: сведочи во моја корист а јас ќе сведочам во твоја, иако можеби воопшто не го познава и за првпат со истиот се сретнал на влезот во судот или во неговите ходници. Во сите овие случаи се работи за лага и за криво сведочење. Нашето сведочење треба да биде во согласност со Аллаховата Книга:

وما شهدنا إلا بما علمنا

„...ние го сведочиме само тоа што го видовме...“ Јусуф, 81.

## Слушање на музички инструменти и музика

Ибн Месуд, радијал-лаху анху, се колнеше во Бога дека во ајетот:

ومن الناس من يشتري لهو الحديث ليضل عن سبيل الله

„Има луѓе кои купуваат залуден говор, за, незнаејќи, од Аллаховиот пат да одвраќаат...“ се работи за музиката. Тефсир Ибн Кесир 6/333. Ебу Амир и Ебу Малик Ел Еш'ари, радијал-лаху анхума, пренесуваат, Божјиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селем, рекол:

ليكونن من أمتي أقوام يستحلون الحر والحرير والخمر والمعازف

Во мојот Умет (народ) ќе има луѓе кои ќе го дозволуваат блудот, свилата, алкохолот и музичките инструменти. Бухари, види Ел Фетх 10/51. Енес, радијал-лаху анху, го пренесува следниов хадис:

ليكونن في هذه الأمة خسف وقذف ومسخ وذلك إذا شربوا الخمور واتخذوا القينات وضربوا بالمعازف

Во мојот Умет некои луѓе ќе се казнат со земја која ќе ги проголта, со камења кои ќе паѓаат од небото и со изобличување. Тоа ќе се случи кога луѓето ќе се опиваат со алкохол, кога ќе имаат пеачки и кога ќе користат музички инструменти. Ес Силсиле Ес Сахиха бр. 2203 и

истиот му го припишува на Ибн Ебу Дунја во Земмул Мелахи. Овој хадис го пренесува и Тирмизи бр. 2212. Божјиот Пратеник забранил користење на тапан, а звукот на зурлата го нарекол глас на будалестиот грешник. Поранешни алими, како Имам Ахмед, имаат јасен став дека музичките инструменти како флаутата, тамбурата, кавалот, гуслите, тапанот со металните делови, се забранети. Нема сомнеж дека во категоријата на забранети музички инструменти влегуваат и современите, како што се виолината, трубата, клавијатурите, пианото, гитарата и сл. Негативното влијанието на овие инструменти е, секако, уште поголемо отколку на инструментите спомнати во хадисите. Музиката честопати опива повеќе и од самите алкохолни пијалоци, како што тврдат исламските алими, меѓу кои е и Ибн Кајим. Гревот е поголем доколку музиката ја следи пеење на пеачки, и доколку текстот на песната зборува за љубовта, страстите, за љубовниците опишувајќи ги нивните убавини. Заради тоа учените луѓе уште на времето рекле дека музиката е поштарот на блудот и дека таа засадува лицемерие во срцето.

Воопштено кажано, музиката и песните во денешно време се едно од најголемите искушенија.

Проблемот е зголемен со користењето на музиката во бројни предмети како што се часовниците, домашните ѕвона, детските играчки, компјутерите, телефоните, така што избегнувањето на овој грев бара силна волја, Аллах нека ни е напомош.

## Озборувањето:

При многу собири озборувањето и газењето на честа на муслиманите стана овошјето кое им се сервира на луѓето. Озборувањето го забранил Аллах и наредил луѓето да не го прават опишувајќи го со форма која е одвратна за луѓето со нормална природа, како што стои во ајетот:

ولا يغتب بعضكم بعضا أيحب أحدكم أن يأكل لحم أخيه ميتا فكرهتموه

„И не озборувајте се едни со други! Зарем на некого од вас му е мило да го јаде месото на својот мртов брат? – а вам тоа ви е одвратно...“ Ел Хуџурат, 12. Значењето на озборувањето го опишал Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, кој рекол:

أتدرون ما الغيبة ؟ قالوا الله ورسوله أعلم. قال: ذكرك أخاك بما يكره، قيل: أفرأيت إن كان في أخي ما أقول؟ قال: إن كان فيه ما تقول فقد اغتَبْتَه، وإن لم يكن فيه فقد بهَتَّهُ

„Дали знаете што значи озборувањето?“ Рекоа: „Аллах и Неговиот пратеник тоа најдобро го знаат.“ Рече: „Да го спомнеш твојот брат со она што тој го мрази.“ Прашаа: „А доколку тој го има

тоа што го спомнуваме?“ „Доколку тоа го има вие тогаш го озборувате а доколку го нема тогаш бесправно го обвинувате“, одговори Божјиот Пратеник. Муслим 4/2001. Озборување е да го спомнеш она што твојот брат муслиман не сака да го кажеш а што е поврзано со неговото тело, вера, овој свет, со него самиот, неговиот морал и изглед. Озборувањето има неколку форми, како што се: спомнувањето на недостатоците, имитирање на неговото однесување со цел на потсмев. Озборувањето е занемарен грев иако истиот е грд и неприфатлив кај Аллах, субханеху ве теала. Ова го потврдува и следниов хадис:

الربا اثنان وسبعون بابا أدناها مثل إتيان الرجل أمه وإن أربى الربا استطالة الرجل في عرض أخيه

Камата има седумдесет и два вида, најголемата е на ниво на интимен однос со сопствената мајка, а најниската форма на камата е на ниво на газењето на честа на човек, преку неговото озборување. Ес Силсиле Ес Сахиха бр. 1871. Секој што е сведок на озборувањето треба да го спречи ова зло и да го одбрани озборуваниот, и на ова дело нè поттикнал Божјиот Пратеник, алејхи селам:

من رد عن عرض أخيه رد الله عن وجهه النار يوم القيامة

Кој ќе ја одбрани честа на својот брат, Аллах ќе го заштити неговото лице од џехенемскиот

оган на Судниот ден. Ахмед, 6/450 и Сахихул Џами' бр. 6238.

## Пренесувањето на туѓ говор со цел да предизвика непријателство:

Пренесувањето на туѓ говор со цел да предизвика непријателство е сѐ уште една од најголемите причини за прекинување на врските и за распалување на омразата и зависта помеѓу луѓето.

Тој што го прави ова дело е критикуван од страна на Аллах, субханеху ве теала, како што стои во ајетот:

ولا تطع كل حلاف مهين هماز مشاء بنميم

„И не слушај никаков презрен кривоклетник, клеветник, тој што пренесува туѓи зборови“ Ел Калем, 10-11. Хузејфе го пренесува следниов хадис

لا يدخل الجنة قتَّات

Нема да влезе во џенет „катат“. Бухари, види Ел Фетх 10/472. Во Ел Нихаје на Ибн Есир 4/11 се вели: Катат е тој што скришум го слуша разговорот на луѓето и потоа со цел да предизвика непријателство, го пренесува. Ибн Абас, радијал-лаху анхума, вели: Божјиот Пратеник помина покрај една од мединските градини и го слушна гласот на двајца кои се

казнуваа во нивните гробови. Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, рече:

يعذبان، وما يعذبان في كبير - ثم قال - بلى [وفي رواية: وإنه لكبير] كان أحدهما لا يستتر من بوله وكان الآخر يمشي بالنميمة

„Се казнуваат, но не за дело кое е големо (не го сметаат за големо), а напротив тоа е големо. Едниот не внимаваше при нужда а другиот пренесуваше туѓ говор."

Бухари, види Фетхул Бари 1/317.

Во формите на овој грев спаѓа:

поттикнувањето на нетрпеливост помеѓу брачните другари со цел да се разведат, како и примерот кога некои вработени го клеветат нивниот колега кај директорот или шефот со цел да му направат проблем или да предизвикаат конфликт помеѓу нив. Сите овие дела се забранети.

## Ѕиркање во внатрешноста на куќите на луѓето, без нивна дозвола.

Аллах, субханеху ве теала, вели:

يَا أَيُّهَا الَّذِينَ آمَنُوا لَا تَدْخُلُوا بُيُوتًا غَيْرَ بُيُوتِكُمْ حَتَّى تَسْتَأْنِسُوا وَتُسَلِّمُوا عَلَى أَهْلِهَا ذَلِكُمْ خَيْرٌ لَّكُمْ لَعَلَّكُمْ تَذَكَّرُونَ

„О, верници, во туѓи куќи не влегувајте додека за тоа дозвола не побарате и додека домашните не ги поздравите; тоа ви е подобро, поучете се!" Ен Нур, 27. Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, ја објаснил причината за барањето дозвола велејќи дека е заради

можност да бидат изложени на нашиот поглед некои срамоти на тие што живеат во внатрешноста на куќата.

إنما جعل الاستئذان من اجل البصر.

Барање на дозвола за влез е пропишано заради погледот. Бухари, види Фетхул Бари 11/24. Во денешно време со блискоста на куќите, со прилепеноста на зградите, блискоста на прозорците, можноста да видиш нешто што не ти е дозволено е голема. Истовремено, малкумина ги спуштаат своите погледи, и мамејќи преку своите прозорци и балкони гледаат во она што не им е дозволено во околните или пониските куќи. Ова мамење е недозволено и е непочитување на честа на соседите и преку него може да се предизвика нешто што не е дозволено, мноштво проблеми и искушенија. Доволен доказ дека се работи за недозволено дело е фактот што исламскиот верозакон го обезвредил окото на тој што шпионира. Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, рекол:

من اطلع في بيت قوم بغير إذنهم فقد حلَّ لهم أن يفقئوا عينه

Кој ќе погледне во внатрешноста на куќа без дозвола на сопствениците, дозволено им е да му го извадат окото. Муслим 3/1699. Во друго предание се вели:

ففقَئُوا عينَه فلا دِيَة له و لا قِصَاص

Истерајте му го окото, за истото нема отштета ниту компензација. Ахмед 2/385 и Сахихул Џами' бр. 6022.

## Дошепнување на двајца во присуство на третиот:

Ваквото однесување, за жал, е присутно на многу собири, и истото го користи шејтанот за да ги подели муслиманите и за да поттикне меѓусебно непријателство. Божјиот Пратеник го појаснува прописот, но и причината за оваа верска забрана:

إذا كنتم ثلاثة فلا يتناجى رجلان دون الآخر حتى تختلطوا بالناس أجل (أي: من أجل، كما ورد في بعض الروايات) أن ذلك يُحزِنُه

Ако сте тројца немојте двајца да се дошепнувате без третиот, сè додека не се помешате со поголема група, затоа што тоа (дошепнување) ќе го натажи. Бухари, види Фетхул Бари 11/83. Овој пропис се однесува и на дошепнувањето на тројца во присуство на четвртиот итн. Не е дозволено и користењето на јазик кој не го разбира третиот, затоа што таквото дело дава порака на потценување на истиот. Исто така и дошепнувањето на двајца кое може да се разбере како заговор против третиот.

## Носењето на многу долга облека:

Овде се мисли на грев кој е занемарен од многу муслимани, но во основа е голем грев и се однесува на носењето на долга облека под ножниот зглоб. Облеката на некои ја допира земјата а има и такви што со својата облека ја бришат истата. Ебу Зер, радијал-лаху анху, го пренесува следниов хадис:

ثلاثة لا يكلمهم الله يوم القيامة ولا ينظر إليهم ولا يزكيهم ولهم عذاب أليم: المسبل (وفي رواية: إزاره) والمنان (وفي رواية: الذي لا يعطي شيئا إلا منه) والمنفق سلعته بالحلف الكاذب

Со тројца на Судниот ден нема да зборува Аллах, нема да ги погледа, нема да ги исчисти и за нив е подготвена болна казна: тој што носи облека подолу од глуждот, тој што помага и тоа потоа го спомнува и тој што со лажна заклетва ја продава својата стока. Муслим 1/102. Тој што се оправдува велејќи дека облеката му е долга но не поради вообразеност, се вреднува себеси на недозволен начин. Спомнатата опомена за казна е општа, без оглед дали причината е вообразеност или не. На ова укажува хадисот:

ما تحت الكعبين من الإزار ففي النار

Сè од облеката што достигнува под глуждот е во џехенемскиот оган. Ахмед 6/254 и Сахихул Џами' бр. 5571. Доколку истото го прави поради вообразеност и надменост казната е уште поголема, и истата е спомната во хадисот:

من جرَّ ثوبه خُيَلاء لم ينظر الله إليه يوم القيامة

Кој ја влече (по земја) облеката заради надменост, Аллах нема да го погледне на Судниот ден.

Бухари бр. 3465 издание Ел Буга.

Вака ќе биде казнет затоа што споил два грева. Спуштањето на сите видови облека под глуждот е исто така забрането, и на тоа укажува хадисот кој го пренесува Ибн Омер, радијал-лаху анхума: Исбалот (спуштањето на облеката под глуждот) се прави и со изар (долна облека кај Арапите слична на здолниште), со кошула и со чалма. Кој тоа ќе го направи заради надменост, Аллах нема да го погледа на Судниот ден. Ебу Давуд 4/353 Сахихул Џами' бр. 2770. На жените со хиџаб им е дозволено облеката да биде подолга една или две педи заради сигурност од откривање, но секако не треба да се премине границата, како што се прави со свадбените фустани кои се долги и по неколку метри и истите мора да се носат од тие што одат зад невестата.

## Златниот накит за мажи во секоја форма:

Ебу Муса Ел Еш'ари, радијал-лаху анху, ни го пренесува овој хадис:

أُحِلَّ لإناث أمتي الحرير والذهب، وحُرِّم على ذكورها

На жените од мојот Умет им се дозволени златото и свилата а тие се забранети за

машкиот пол. Ахмед 4/393 види Сахихул Џами' бр. 207. Денес на пазарот можеме да најдеме многу златен накит за мажи, очила, часовници, копчиња, пенкала, медалјони произведени од различни карати на злато или, пак, се целосно позлатени. Во недозволените дела спаѓа и делењето на награди како златни часовници за мажи. Ибн Абас, радијалл-аху анхума, пренесува: Божјиот Пратеник виде златен прстен на раката на еден човек, го зеде, го фрли и рече:

يعمد أحدكم إلى جمرة من نار فيجعلها في يده؟! فقيل للرجل بعدما ذهب رسول الله صلى الله عليه وسلم: خذ خاتمك انتفع به، قال: لا والله لا آخذه أبدًا، وقد طرَحَه رسول الله صلى الله عليه وسلم

Зарем некој од вас ќе земе жар и ќе го стави на рака?! Откако Божјиот Пратеник замина му рекоа: „Земи го прстенот и искористи го за нешто.“ „Нема да го земам никогаш она што го фрли Божјиот Пратеник“, рече човекот. Муслим 3/1655.

## Кратката и тесната проѕирна облека, посебно за жените:

Во ова време оваа појава е широко распостранета, преку модата и трендот, кои се диктираат од страна на немуслиманите и се промовираат кај муслиманите. Таквата облека повеќе открива отколку што покрива заради проѕирноста и затоа што е тесна, не е дозволено

истата да се носи дури и во присуство само на жени или пред блиски роднини. Божјиот Пратеник, алејхи селам, нѐ информирал дека оваа форма на облека ќе се распространи кај жените пред Судниот ден. Ебу Хурејре, радијаллаху анху, го пренесува следниов хадис:

صِنفان من أهل النار لم أرهما: قوم معهم سياط كأذناب البقر يضربون بها الناس، ونساء كاسيات عاريات مميلات مائلات رؤوسهن كأسنمة البخت المائلة، لا يدخلن الجنة ولا يجدن ريحها وإن ريحها ليوجد من مسيرة كذا وكذا

Две групи на луѓе од пеколот не сум ги видел. Луѓе со камшици како опашки на крави со кои ќе ги удираат луѓето и жени облечени, а соблечени, кои се нишаат при одење а главите им се како грба од Бухт (долговратна камила). Тие нема да влезат во рајот ниту ќе ја почувствуваат неговата миризба која оддалеку се чувствува. Муслим 3/1680. Бухт: долговратни камили. Во оваа категорија на облека влегуваат и здолништата со еден или со повеќе отвори, каде при седнување се откриваат интимните делови на женското тело. Не е дозволено и имитирањето на немуслиманите кои преку модата поставуваат стандарди на облекување кое повеќе открива отколку што покрива. Го молиме Аллах да ни помогне. Опасни се и следниве работи: Облека на која има слика од пеачи, музички групи, алкохолни пијалоци, слики на живи суштества

кои не е дозволено да се цртаат, крстови, амблеми на екипи и различни организации, текст кој не е прифатлив за моралните луѓе, кој честопати се пишува на различни странски јазици.

## Продолжување на косата со човечка или друга коса, и за мажите и за жените:

Есма бинт Ебу Бекр, радијал-лаху анхума, вели: Една жена дојде кај Божјиот Пратеник, алејхи селам, и праша: „Божји Пратенику мојата ќерка ќе оди невеста, се разболи и почна да ѝ паѓа косата. Дали да ѝ вплетам друга коса?“ Тој одговори:

لعن الله الواصِلَة والمُستوصِلَة

„Аллах ги проколнал таа што вплетува и таа што бара да ѝ се вплете (туѓа коса).“ Муслим 3/1676. Џабир, радијал-лаху анху, пренесува:

زجر النبي صلى الله عليه وسلم أن تصِلَ المرأةُ برأسها شيئًا

Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, забранил жената да вплетува нешто во нејзината коса. Муслим 3/1679. Пример во ова време се периките кои се користат, како и другите недозволени работи на надградување на коса кои се прават во салоните за убавина. Не се дозволени и периките кои ги користат неморалните мажи и жени, артисти во филмовите и при театарски претстави.

## Имитирање на жените од страна на мажите и на мажите од страна на жените во облека, говор и став:

Природно е мажот да ја чува својата машка природа како што го создал Аллах. Природно е и жената да ја чува својата женска природа како што ја создал Аллах. Ова е неопходно за еден нормален живот на луѓето, затоа што поистоветувањето на жените со мажи и обратно е спротивно на нивната природа, и отвора врати на опасност, неморал и рушење на моралните вредности во едно општество. Ова дело според исламскиот верозакон е забрането, со текст на објава во која се проколнуваат тие што се поистоветуваат (го имитираат) спротивниот пол. Од Ибн Абас, радијал-лаху анхума, се пренесува овој хадис:

لعَنَ رسول الله المتشبهين من الرجال بالنساء والمتشبهات من النساء بالرجال

Аллах ги проколнал мажите кои ги имитираат жените и жените кои ги имитираат мажите. Бухари, види Ел Фетх 10/332. Од Ибн Абас, радијал-лаху анхума, се пренесува и овој хадис:

لعن رسول الله المخنثين من الرجال والمترجلات من النساء

Аллах ги проколнал женскастите мажи и машкуданестите жени. Бухари, види Ел Фетх 10/333. Имитирањето се прави со движења, од, држење на телото, говор и став. Не е дозволено и носење на облеката и аксесоари кои се

посебни за обата пола. На мажот не му е дозволено да носи ѓердани, алки, алки на нозете, обетки, и други украси специфични за жените како што прават некои категории на мажи. На жените не им е дозволено да носат облека која е за мажи и треба да носат поинаква боја, крој и сл. Доказ за тоа дека едниот пол треба да се разликува од другиот е следниов хадис, кој го пренесува Ебу Хурејре, радијаллаху анху:

لعن الله الرجل يلبس لبسة المرأة، والمرأة تلبس لبسة الرجل

Проколнат е оној маж што носи женска облека и онаа жена што носи машка облека. Ебу Давуд 4/355 и Сахихул Џами' бр. 5071

## Боење на косата со црна боја:

Според најисправното мислење такво нешто е забрането поради јасната закана (опомена) во говорот на Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем:

يكون قوم يخضبون في آخر الزمان بالسواد كحَوَاصِلِ الحمام، لا يَريحون رائحة الجنة

Пред Судниот ден ќе се појават луѓе кои ќе ја бојадисуваат косата во црно, како црните гради на гулабите. Таквите нема да ја почувствуваат миризбата на џенетот. Ебу Давуд 4/419 Сахихул Џами' бр. 8153. Ова дело е распространето кај многумина кои седите влакна на косата или брадата ги бојадисуваат со црна боја и со тоа:

Мамат и ја менуваат реалната состојба. Не го покажуваат својот вистински изглед. Ова, секако, влијае и врз нивното однесување. Доведува до нарцисоидност. Има автентични докази дека Божјиот Пратеник ја менувал бојата на седите влакна со кана, црвенкаво жолта боја која има и нијанси на кафеаво. На денот на освојувањето на Мека го доведоа Ебу Кухафе (таткото на Ебу Бекр) чијашто коса беше многу седа. Аллаховиот пратеник алејхи салату вес-селам рече:

غيّروا هذا بشيء واجتنبوا السواد

Променете го ова белило, но избегнувајте ја црната (боја). Муслим 3/1663. Овој пропис е еднаков и за машкиот и за женскиот пол, според исправното мислење.

## Сликање на живи суштества на облека, ѕид или на хартија:

Абдулах ибн Месуд, радијал-лаху анху, го пренесува следниов хадис:

إن أشد الناس عذابًا عند الله يوم القيامة: المُصوِّرون

На Судниот ден цртачите (сликарите) ќе се казнат со најжестока казна. Бухари види Ел Фетх 10/382. Ебу Хурејре, радијал-лаху анху, го пренесува следниов хадис:

قال الله تعالى: ومن أظلم ممن ذهب يخلق كخلقي، فليخلقوا حبَّة، وليخلقوا ذرَّة

Аллах, субханеху ве теала, вели: Кој е понеправеден од тој што сака да создаде како што создавам, нека создадат зрно жито или зрно пченка. Бухари, види Фетхул Бари 10/385. Ибн Абас, радијал-лаху анхума, го пренесува следниов хадис: Секој сликар е во пеколот, за секоја слика (на живо битие) ќе се создаде душа и ќе се казнува во пеколот. Ибн Абас, радијал-лаху анхума, вели: Доколку сакаш да црташ, нацртај дрво или нешто што нема душа. Муслим 3/1671. Овие хадиси укажуваат на забрана на сликање, печатење, вајање, леење во калап, резбање на живи битија, луѓе или други живи битија кои имаат душа. Хадисите за забрана ги опфаќаат сите живи суштества, но не и растенијата. Муслиманот им се покорува на овие текстови и не дебатира велејќи – јас не ги обожувам ниту им се клањам! Ако со здрав разум ја анализираме едната негативна последица, а таа е енормната распространетост на сликите и фотографиите, ќе согледаме дека исламскиот верозакон мудро постапил кога го забранил ова дело. Многу слики имаат негативни последици и поттикнуваат страсти и разврат. Многу случаи на блуд започнале со слика. Должност е на муслиманот во својата куќа да не држи слики на живи битија за да не создаде пречка и во неговата куќа да не

влегуваат мелеците. Божјиот Пратеник, саллал-лаху алејхи ве селем, рекол:

لا تدخل الملائكة بيتا فيه كلب و لا تصاوير

Мелеците не влегуваат во куќа во која има куче или слики. Бухари, види Ел Фетх 10/380. Во некои куќи има и скулптури, меѓу кои и на божества, кои ги обожувале политеистите и истите ги сметаат за уметнички дела. Забраната за овие скулптури е уште построга. За сликата обесена на ѕид забраната е построга отколку за таа што не е обесена. Колку такви слики биле причина за нечие величање, предизвикале тага, биле причина за фалење и горедеење. Немој да велиш дека сликата е за сеќавање. Вистинското сеќавање за саканиот и за блискиот е во срцето и во молитвите, Аллах да му се смилува и да му ги прости гревовите. Сите слики треба да се изнесат од домот или да се избришат освен оние чие што бришење е тешко и напорно, како сликите на амбалажи кои се широко распостранети, сликите во речници, енциклопедии кои се потребни но во кои треба да ги избришеме, особено лошите слики. Дозволено е да се чуваат слики кои се неопходни, како сликите во личните документи. Некои алими дозволуваат слики врз предмети кои се газат.

فاتقوا الله ما استطعتم

„Па плашете се од Аллах колку што можете“ Ет Тегабун, 16.

## Лага поврзана со сон:

Некои луѓе намерно исмислуваат соништа кои не ги виделе за да бидат почитувани или спомнувани кај другите луѓе, за да заработат материјални средства, за да исплашат некого со кого се во непријателство. Неуките имаат многу погрешни убедувања поврзани со соништата па затоа лесно е да се измамат со овие лаги. За ова дело има тешка закана од Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, кој рекол:

إن من أعظم الفرى أن يدعي الرجل إلى غير أبيه أو يري عينه ما لم تَرَ، ويقول على رسول الله صلى الله عليه وسلم ما لم يقل

Во групата на најголеми клевети спаѓаат: да тврдиш дека во сон си видел нешто што не видело твоето око и да тврдиш дека Божјиот Пратеник, алејхи селам, рекол нешто што не го рекол. Бухари, види Ел Фетх 6/540. Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, рекол:

من تحلَّم بحلمٍ لم يرَه كُلِّف أن يعقد بين شعيرتين ولن يفعل .. الحديث

Тој што тврди дека видел во сон нешто што не го сонувал, ќе биде казнет да врзе две зрна јачмен во чвор, а тоа нема да може да го направи. Бухари, види Ел Фетх 12/427. Да врзеш две зрна во чвор е невозможно, па затоа казната е според видот на делото.

## Седење и газење врз гроб и вршење на нужда во гробишта:

Ебу Хурејре, радијал-лаху анху, вели: Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, рекол:

لأن يجلس أحدكم على جمرة فتحرق ثيابه فتخلص إلى جلده خير له من أن يجلس على قبر

Да седне врз жар и да му изгори облеката сè до кожата е подобро за него отколку да седне врз гроб. Муслим 2/667. Има и такви кои газат врз гробови при посета на гробиштата или при церемонија на закоп и со тоа покажуваат непочитување кон закопаните во тие гробишта. Колку голем грев е ова ни појаснува следниов хадис:

لأن أمشي على جمرة أو سيف أو أخصف نعلي برجلي أحب إلي من أن أمشي على قبر مسلم

Повеќе би сакал да одам врз жар или врз меч, или да зашијам налани со моите нозе, отколку да згазам врз гроб на муслиман. Ибн Маџе 1/499 и Сахихул Џами' бр. 5038. Секако дека гревот на оној што ќе присвои земја на гробишта и врз неа гради станбен или трговски проект е многу поголем. И вршењето нужда внатре или во близина на гробиштата, кое го прават луѓе без морал и етика, е дело кое ги вознемирува мртвите кои се закопани во тие гробишта, и за тоа дело во еден хадис се вели:

وما أبالي أوسط القبر قضيت حاجتي أو وسط السوق

Сеедно е дали ќе извршам нужда насред гробишта или насред чаршија. Минатата референца. Грдоста не вршење нужда во гробишта е еднаква на грдоста на разголување и вршење нужна насред чаршија каде поминуваат луѓе. Удел во овој грев имаат и оние што фрлаат отпадоци во гробишта, а посебно оние што се напуштени или не се користат. При посета на гробишта убаво е: Да се соблечат обувките при одење меѓу гробови.

## Невнимавање при вршење на мала нужда:

Исламскиот верозакон со својата убавина инсистира не сè што е корисно за луѓето. Инсистира и на личната хигиена заради која е пропишано чистењето по малата и големата нужда, давајќи детали за начинот и формата на тој вид хигиена. Една категорија на луѓе не внимава на отстранувањето на нечистотијата која останува на нивното тело и облека и со тоа нивниот намаз не е исправен. Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, во своите хадиси ни дава до знаење дека ваквото дело е причина за казнување во гробот. Ибн Абас, радијал-лаху анхума, пренесува: Божјиот Пратеник помина покрај една од мединските градини и го слушна гласот на двајца кои се казнуваа во нивните гробови. Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, рече:

يعذبان، وما يعذبان في كبير - ثم قال -: بلى [وفي رواية: وإنه لكبير] كان أحدهما لا يستتر من بوله، وكان الآخر يمشي بالنميمة

Се казнуваат, но не за дело кое е големо (не го сметаат за големо), а напротив, тоа е големо. Едниот не внимаваше при нужда а другиот пренесуваше туѓ говор. Бухари, види Фетхул Бари 1/317 Тој, алејхи салату ве селам, истакна:

أكثر عذاب القبر في البول

Дека најголемата причина за казнување во гроб е (невнимание при) уринирањето. Ахмед 2/326 и Сахихул Џами' бр. 1213. Невнимавњето при уринирање опфаќа: Брзање и прекинување на истото пред потполното празнење, Уринирање во форма и на место каде урината ќе го испрска по облеката и телото, Запоставување на чистењето по големата и малата нужда. Во ова време се соочуваме и со различни форми на имитирање на немуслиманите: Поставување на писоари во јавните тоалети на видливо место, блиску едни до други и при тоа имаме откривање на срамните места пред други луѓе и чистата облека ја валкаме запоставувајќи го чистењето по извршената нужда. На едно место се прават две недозволени работи: Прва: Откривање на интимите делови пред други луѓе, Втора: Не се пази од капките на урината ниту, пак, се чисти по извршената нужда.

## Прислушкување на други без нивна дозвола:

Аллах, субханеху ве теала, вели:

ولا تجسَّسوا

„И не шпионирајте се едни со други...“ Ел Хуџурат, 11. Ибн Абас, радијал-лаху анхума, го пренесува хадисот:

من استمع إلى حديث قوم وهم له كارهون صب في أذنيه الآنُك يوم القيامة

Тој што без дозвола го прислушкува разговорот на група луѓе на Судниот ден во двете ува ќе му се сипе стопено олово. Таберани во Ел Кебир, 11/248-249 и Сахихул Џами' бр. 6004.

آنيك е стопено олово.

Ако тој говор го пренесува без нивно знаење и им причинува штета, тогаш на првиот грев му се додава и втор. На таквите се однесува хадисот:

لا يدخل الجنة قتَّات

Нема да влезе во џенет „катат“. Бухари, Ел Фетх 10/472.

Катат е тој што скришум го слуша разговорот на луѓето и потоа го пренесува со цел да предизвика непријателство помеѓу нив.

## Лошо однесување кон соседите:

Аллах во својата Книга не советува за добар однос кон соседите, велејќи:

وَاعْبُدُواْ اللّهَ وَلاَ تُشْرِكُواْ بِهِ شَيْئًا وَبِالْوَالِدَيْنِ إِحْسَانًا وَبِذِي الْقُرْبَى وَالْيَتَامَى وَالْمَسَاكِينِ وَالْجَارِ ذِي الْقُرْبَى وَالْجَارِ الْجُنُبِ وَالصَّاحِبِ بِالجَنبِ وَابْنِ السَّبِيلِ وَمَا مَلَكَتْ أَيْمَانُكُمْ إِنَّ اللّهَ لاَ يُحِبُّ مَن كَانَ مُخْتَالاً فَخُورًا

„И обожувајте Го Аллах и ништо не Му здружувајте! А на родителите правете им добро, и на роднините, и на сирачињата, и на сиромашните, и на блискиот сосед и на далечниот сосед, и на пријателот, и на патникот, и на тој што е во ваша сопственост! Аллах, навистина, не ги сака горделивите и фалбаџиите!“ Ен Ниса, 36. Вознемирувањето на соседот е голем грев заради големото право кое го има. Ебу Шурејх, радијал-лаху анху, ни го пренесува хадисот на Божјиот Пратеник, алејхи селам:

والله لا يؤمن، والله لا يؤمن، والله لا يؤمن، قيل: ومن يا رسول الله ؟ قال: الذي لا يأمن جارُه بوائِقَه

„Се колнам во Аллах, не поверувал, се колнам во Аллах, не поверувал, се колнам во Аллах, не поверувал“. Прашаа: „Кој не поверувал Божји пратенику?“. „Тој од чиештo вознемирување не е сигурен неговиот сосед“, одговори. Бухари, види Фетхул Бари 10/443. Во друг хадис вреднувањето на соседот за неговиот сосед се смета за мерило на добрината или лошо однесување, Ибн Месуд, радијал-лаху анху, пренесува: Еден човек го прашал Божјиот Пратеник, сал-лаллаху алејхи ве селем:

يا رسول الله! كيف لي أن أعلم إذا أحسنتُ أو إذا أسأتُ، فقال النبي صلى الله عليه وسلم: إذا سمعتَ جيرانك يقولون: قد أحسنتَ فقد أحسنتَ، وإذا سمعتَهم يقولون: قد أسأتَ فقد أسأتَ

„Божји Пратенику, како да знам дали добро или лошо чинам?“ Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, му одговори: „Ако ги чуеш соседите како велат: „Добро работи“, тогаш добро работиш, а ако ги чуеш како велат „Лошо прави“, тогаш, лошо правиш. Ахмед, 1/402 и Сахихул Џами' бр. 623.

Вознемирувањето на соседите има многу форми:

Да забраниш да прицврсти греда во заеднички ѕид, Да изградиш висока куќа која ќе го спречи сонцето и воздухот да оди кон соседот, без негова дозвола, Да ставиш прозорец на ѕидот свртен кон неговиот двор или куќа, Да го вознемируваш со наподносливи звуци, како чукање и викање, посебно во време на одмор и спиење, Тепање на децата на соседите, фрлање на отпад пред вратата на соседот. Гревот е поголем и казната е поголема доколку се прави против соседот, како што опоменува Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем.

لأن يزني الرجل بعشر نسوة أيسر عليه من أن يزني بامرأة جاره، لأن يسرق الرجل من عشرة أبيات أيسر عليه من أن يسرق من بيت جاره

Блудот со десет жени е помал грев отколку блудот со жената на соседот, кражбата од десет

куќи е помал грев отколку кражбата од куќата на сосед. Бухари во Ел Едеб Ел Муфред бр.103 и Ес Силсиле Ес Сахиха бр. 65. Тешко на тие неранимајковци кои го користат отсуството на соседот за да влезат во неговата куќа за да направат неред во неа. Зарем не се плашат од болната казна на оној свет.

## Неправда при составување тестамент:

Во основните темели на исламскиот верозакон е спечувањето на било која форма на нанесување на штета, како на пример: Да им се наштети на легитимните наследници или на дел од нив. Тие што тоа го прават се спомнати во опомената на Божјиот Пратеник, алејхи селам, кој вели:

من ضارَّ أضرَّ الله به ومن شاق شق الله عليه

Кој наштетува ќе му се наштети, кој отежнува ќе му се отежни. Ахмед 3/453 и Сахихул Џами' бр. 6348. Пример на тоа е спречување на легитимниот наследник да го добие она што му припаѓа од наследството, со тестамент да се додели наследство на некој што веќе наследува а што не е дозволено во исламскиот верозакон, со тестамент да остави повеќе од една третина од неговиот имот. Во земји во кои не се спорведува исламскиот верозакон, на легитимниот наследник не му се дава наследството кое му го одредил Аллах и истите

тие судови го спроведуваат тестаментот кој според шеријатот е неправеден само затоа што е запишан и заверен кај нотар или адвокат.

فويلٌ لهم مما كتبت أيديهم، وويلٌ لهم مما يكسبون

Тешко ним за она што го пишуваат и тешко ним за начинот на кој заработуваат.

## Игрите со зар(коцки):

Многу распространетите и популарни игри содржат забранети елементи, таков е и зарот (коцката), кој се користи и фрла во многу игри каква што е, на пример, таблата. Божјиот Пратеник, алејхи селам, нѐ предупреди за користењето на заровите, кои го отвораат патот кон комарот и другите хазардни игри, со зборовите: Кој игра со зар е еднаков на тој што својата рака ја турнал во месо од свиња и нејзината крв. Муслим 4/1770. Ебу Муса, радијал-лаху анху, го пренесува следниов хадис:

من لعب بالنرد فقد عصى الله ورسوله

Тој што игра со зарови е непокорен кон Аллах и кон Неговиот Веровесник. Ахмед 4/394 и Сахихул Џами' бр. 6505.

## Проколнување на верник и проколнување на тие што тоа не го заслужуваат:

Многу луѓе не ги контролираат своите јазици кога се лути и безималку страв проколнуваат, луѓе, животни, предмети, денови и часови, се

проколнуваат себеси, децата, мажот ја проколнува жената и обратно, Ова е многу опасна работа. Ебу Зејд Сабит ибн Дахак Ел Енсари, радијал-лаху анху, го пренесува следниов хадис:

ومن لعن مؤمنًا فهو كقَتله

Проколнувањето на верник е еднакво на негово убиство. Бухари, види Фетхул Бари 10/465. Имајќи предвид дека жените многу проколнуваат, Божјиот Пратеник, појасни дека тоа е причината за нивната многубројност во пеколот, тие што проколнуваат нема да бидат посредници на Судниот ден. Најопасно е што искажаното проколнување му се враќа на тој што тоа го кажал, доколку го изговорил неправедно. Така тој против самиот себеси упатил дова да биде избркан и оддалечен од Аллаховата милост.

## Гласното оплакување на мртвите:

Се работи за голем грев, кога, а тоа најчесто го прават жените, врескаат и плачат за тој што починал, кога го удираат своето лице, кога ја кинат облеката, ја кратат или целосно ја бричат косата. Ова дело укажува на незадоволство со Божјата одредба, и на недостаток на трпение при искушение, Божјиот Пратеник, сал-лал--лаху алејхи ве селем, ги проколнал тие што ова

го прават: Ебу Умаме, радијал-лаху анху, пренесува дека,

أن رسول الله صلى الله عليه وسلم لعنَ الخامِشَةَ وجهها، والشاقَّة جيبها، والداعيةَ بالويل والثبور

Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, ја проколнал таа што го гребе лицето, што ја кине облеката, и таа што нарикува тешко мене и сл. Ибн Маџе 1/505 и Сахихул Џами' бр. 5068. Абдуллах ибн Месуд, радијал-лаху анху, ни го пренесува следниот хадис:

ليس منا من لطم الخدود وشق الجيوب ودعا بدعوى الجاهلية

Не е од нас таа што го удира своето лице, што ја кине облеката и која изговара зборови од времето на џахилијетот (предисламско време). Бухари, види Ел Фетх 3/163. Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, вели:

النائحة إذا لم تتب قبل موتها تقام يوم القيامة وعليها سربال من قطران ودرع من جرب

Таа што лелека, ако не се покае пред смртта, на Судниот ден ќе има облека од катран и од красти (шуга). Муслим бр. 934.

## Удирање и тетовирање на лице:

Џабир, радијал-лаху анху, пренесува,

نهى رسول الله صلى الله عليه وسلم عن الضرب في الوجه، وعن الوسم في الوجه.

Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, забранил удирање и жигосување на

човековото лице. Муслим 3/1673. Има такви родители и учители кои децата и учениците при грешка ги казнуваат со шамар по лицето, и истото го прават и некои луѓе со своите вработени. Ова дело, покрај понижувањето со удар по лице кое е создадено од Аллах, е опасно и поради можноста да се загуби некое сетило, кои ги има лицето. Може да биде причина за каење па дури и тужба за обештетување. Што се однесува до жигосувањето на лицата на животните, ставање на знакови на сопственикот, за да се препознае, и доколку се загуби да му се врати, тоа не е дозволено затоа што содржи нанесување на болка и деформација. Доколку некој има потреба за такво нешто, истото му е дозволено да го направи но не на лицето. Тој жиг може да се стави на друго место, но не и на лицето.

## Бојкотирање на муслиман повеќе од три дена без верски оправдана причина:

Дел од стратегијата на шејтанот е создавање на непријателство помеѓу муслиманите, и честопати тие што потпаѓаат под неговото влијание, не зборуваат со своите браќа муслимани, поради верски неоправдани причини, поради некоја ситуација на недоразбирање или поради некој материјален интерес. Ваквата лутина потоа трае долго

време, се колнат дека нема да им прозборат, дека нема да влезат во нивниот дом, кога на улица ќе се сретнат лицето го вртат на друга страна, или на некој собир се одминуваат не поздравувајќи се. Ваквото однесување е причина за слабеење на муслиманската заедница, па затоа исламскиот пропис е строг, а гревот за ова дело е голем . Ебу Хурејре, радијал-лаху анху, пренесува дека Божјиот Пратеник, сал-лал-лаху алејхи ве селем, рекол:

لا يحل لمسلم أن يهجر أخاه فوق ثلاث فمن هجر فوق ثلاث فمات دخل النار

На муслиманот не му е дозволено да го бојкотира својот брат (муслиман) повеќе од три дена. Тој што тоа ќе го направи и ќе умре ќе влезе во џехенем. Ебу Давуд 5/215 и Сахихул Џами' бр. 7635. Ебу Хираш Ел Еслеми, радијал-лаху анху, ни го пренесува и овој хадис:

من هجَرَ أخاه سنةً فهو بسفك دمه

Тој што го бојкотира братот (муслиман) една година (е еднаков на тој што) му ја пролеал крвта. Бухари во Ел Едеб Ел Муфред хадис бр. 406 и Сахихул Џами' бр. 6557. На човекот му е доволна казната заради избегнување на муслиманите: лишувањето од Аллаховата прошка. Ебу Хурејре, радијал-лаху анху, го пренесува овој хадис:

تُعرضُ أعمال الناس في كل جمعة مرتين، يوم الاثنين ويوم الخميس فيغفر لكل عبد مؤمن إلا عبدا بينه وبين أخيه شحناء فيقال: اتركوا أو أركوا (يعني: أخِّروا) هذين حتى يفِيئَا

Делата на луѓето се претставуваат секоја недела, секој понеделник и четврток, и му се простува на секој роб верник, освен на оној роб кој го одбегнува својот брат. Му се вели (на мелекот): Оставете ги овие двајца сè додека не се смират. Муслим 4/1988. Ако едниот од двајцата кои се во непријателство се покае нека му се обрати на својот брат со селам, доколку така направи и биде одбиен, од него спаднува одговорноста и гревот останува на тој што го одбил помирувањето. Ебу Ејуб, радијал-лаху анху, пренесува:

لا يحِلُّ لرجلٍ أن يهجُر أخاه فوق ثلاث ليال يلتقيان فيعرض هذا ويعرض هذا وخيرهما الذي يبدأ بالسلام

Не му е дозволено на братот муслиман да не зборува со својот брат повеќе од три дена, се сретнуваат и еден на друг му го вртат грбот. Подобар е тој што прв ќе се поздрави со селам. Бухари, Фетхул Бари 10/492. Доколку бојкотот има верски оправдана причина како: неклањање на намазот или инсистирање на грев, и доколку истиот му користи на грешникот, враќајки го на вистинскиот пат, и влијае да ја увиди грешката, тогаш тој бојкот е верска обврска. Но, доколку истиот само повеќе ја зголемува неговата вообразеност, инает,

грешење и оддалеченост, во таа ситуација не се пропишува бојкотот. Бојкотот во оваа ситуација нема позитивен ефект, напротив, неговите последици се негативни. Во оваа ситуација се препорачува да се продолжи со совет, потсетување и доброчинство кон тој што греши. На крајот, ова се верските забрани кои се занемарени но и распространети, темата е долга. За да ја надополнам истата тема планирам, со Божја дозвола, во посебна книга да ги набројам забраните спомнати во Благородниот Куран и во традицијата (Сунетот) на Божјиот Пратеник, алејхи селам Го молам Аллах со Неговите убави имиња да ни даде богобојазливост која ќе се испречи помеѓу нас и гревовите, да ни даде покорност со која ќе ги достигнеме џенетските градини, да ни ги прости гревовите и претерувањата, да нè снабди со халал, и само Нему да му се обраќаме кога имаме потреба, да ги прими нашите покајанија и да нè исчисти од сите гревови. Тој сè слуша и ги прима нашите дови. Благословот и мирот Божји нека се врз Мухамед, врз неговите другари и семејство. Благодарноста му припаѓа на Аллах, Господарот на световите.

# Содржина


Занемарени верски забрани ........ 2
Вовед ........ 2
Прикажувањето (рија) во ибадетите (богослужењето): 23
Ет Тијере: Злокобност (што предвестува зло): ........ 24
Заклетвата, но не во Аллахово име. ........ 27
Седенките со лицемерите или грешниците, дружењето и блискост со нив: ........ 29
Недостатокот на смиреност во намазот: ........ 30
Несериозноста и многу движења во намазот: ........ 33
Намерно неследење (престигнување) на имамот во намаз: ........ 34
Пристап во џамија на оној кој јадел лук, кромид или нешто што лошо мириса: ........ 37
Зина – Блуд (недозволен полов однос) ........ 38
Хомосексуализам: ........ 41
Сопругата која без верска причина го одбива нејзиниот сопруг во постела: ........ 42
Барање развод од страна на сопругата без верски оправдана причина: ........ 43
Ез Зихар: ........ 44
Сексуален однос со сопругата во тек на менструалниот циклус: ........ 46
Сексуален однос во анус: ........ 48
Неправедност помеѓу сопругите: ........ 49
Осамување со туѓа жена: ........ 51
Ракување со женско лице кое не е во роднинска врска: 52
Жена која ќе нанесе парфем при излегување од дома и така ќе помине пред мажи: ........ 54

Патувањето на жената без сопатник (махрем) .................. 55
Намерно гледање во туѓа жена: .................................................. 56
Согласност со неморал во семејството: ................................... 58
Фалсификување на потеклото и негирање на синот од страна на таткото: ................................................................... 59
Конзумирање на камата:................................................................ 61
Сокривање на недостатоци на стоката при нејзина продажба: ............................................................................................. 65
Неџеш (една форма на купопродажба):.................................. 66
Купопродажбата по вториот повик (езан) на џума намаз: ............................................................................................................. 67
Комарот (хазардните игри) и коцката: ...................................... 68
Кражбата: ............................................................................................ 70
Давање и примање на мито:......................................................... 73
Узурпација на туѓо земјиште:....................................................... 74
Примање на подарок за посредување: ...................................... 75
Неисплатување на работник кој ја завршил работата: .. 78
Неправедност во подароците кон своите деца: ................. 80
Да бараш од луѓето иако немаш потреба: ............................. 83
Барање на заем со намера да не го врати:............................. 84
Исхрана со харам: ........................................................................... 86
Конзумирање на алкохол, па дури и една капка: .............. 87
Користење на златни и сребрени садови за јадење и пиење.................................................................................................... 90
Лажно сведочење.............................................................................. 91
Слушање на музички инструменти и музика ..................... 93
Озборувањето: ................................................................................. 95
Пренесувањето на туѓ говор со цел да предизвика непријателство: ............................................................................. 97

Ѕиркање во внатрешноста на куќите на луѓето, без нивна дозвола. ........ 98
Дошепнување на двајца во присуство на третиот: ........ 100
Носењето на многу долга облека: ........ 101
Златниот накит за мажи во секоја форма: ........ 102
Кратката и тесната проѕирна облека, посебно за жените: ........ 103
Продолжување на косата со човечка или друга коса, и за мажите и за жените: ........ 105
Имитирање на жените од страна на мажите и на мажите од страна на жените во облека, говор и став: ........ 106
Боење на косата со црна боја: ........ 107
Сликање на живи суштества на облека, ѕид или на хартија: ........ 108
Лага поврзана со сон: ........ 111
Седење и газење врз гроб и вршење на нужда во гробишта: ........ 112
Невнимавање при вршење на мала нужда: ........ 113
Прислушкување на други без нивна дозвола: ........ 115
Лошо однесување кон соседите: ........ 115
Неправда при составување тестамент: ........ 118
Игрите со зар(коцки): ........ 119
Проколнување на верник и проколнување на тие што тоа не го заслужуваат: ........ 119
Гласното оплакување на мртвите: ........ 120
Удирање и тетовирање на лице: ........ 121
Бојкотирање на муслиман повеќе од три дена без верски оправдана причина: ........ 122

mk2v1.0 - 03/09/2026